# Светот се менува, книгите остануваат

од 23 до 29 април

**САЕМ НА КНИГА**

Арена „Борис Трајковски"

новитети, промоции и многу попусти

Саемот на книгата е доказ дека, иако светот постојано се менува, љубовта кон книгите останува – тивка, упорна и трајна.

Во ера на промени, единствената константа е читањето. Животот се менува со брзина на светлината, но книгите траат со длабочина на мислата.

Овој Саем на книгата учествуваме со (не)менувањето на светот со книги што имаат тенденција да го променат на подобро: со Габор Мате и неговата „Во светот на гладниот дух“, „Анксиозната генерација“ од Џонатан Хајт, „Чуварот во ’ржта“ од Џ. Д. Селинџер, „Демони“ од Фјодор М. Достоевски; како и со книги што сакаат да го обојат светот – „Марк и лажливата верверица“ од Драган Тапшанов или „Песната на ветрот“ од Омер Курт. Списокот е долг, но не подолг од твојата мотивација да исчиташ сѐ што ќе те одведе до вистинските одлуки. Секој читател ќе открие нешто што ќе го допре, или ќе го предизвика да размислува длабоко.

Од 23 до 29 април, во Спортската сала „Борис Трајковски“, на нашиот штанд те чекаме со богата понуда од над 600 наслови, попусти до 80 %, примамливи понуди и волја за подобар свет.

Нека нашиот простор на Саемот биде дом за сечија добра мисла. Книгите можат да го спасат светот, зашто се како дождот – секогаш различни и несекојдневни, но го одржуваат семето на животот!

Светот зависи од оние што читаат!

# Саемски новитети*

* Кога бараш книги што допрва ќе живеат во тебе



*Џонатан Хајт*






~~690~~
**590**

## СО ЗДРАВ РАЗУМ ПРОТИВ ЕПИДЕМИЈАТА НА МЕНТАЛНИ НАРУШУВАЊА – ДА ГИ КРЕНЕМЕ ГЛАВИТЕ ОД ТЕЛЕФОНИТЕ

Преголема заштита на погрешни места, од една страна, и постојани виртуелни закани од друга – ова е светот на анксиозната генерација. Преку провокативно и проникливо истражување, Џонатан Хајт ја покажува потребата од пресврт и нуди јасен пат кон похумано детство.
Глобалниот успех на оваа книга со милионски тиражи и со над два милиона продадени примероци, вклученоста во списокот на „Тајм“ за 100 задолжителни книги што човек мора да ги прочита, како и силното медиумско присуство – зборуваат за потребата од промена на светот пред да доживее колапс.
Крајно време е да ја кренеме главата од паметните телефони и да престанеме да ги игнорираме наодите од истражувањата. Само ние – секој од нас и сите како заедница – можеме да ја спречиме епидемијата на ментални нарушувања што ги зафаќа нашите деца.

> „ГЕНЕРАЦИЈАТА З СТАНА ЖИВ ЕКСПЕРИМЕНТ НА ЕДЕН РАДИКАЛНО НОВ НАЧИН НА РАСТЕЊЕ.“







~~690~~
590

**ДА ГИ ВИДИМЕ РАНИТЕ, НЕ СИМПТОМИТЕ – ВРЕМЕ Е ДА ЈА ПРОМЕНИМЕ ПРИКАЗНАТА**

Време е да почнеме да слушаме (и да дејствуваме). Оваа храбра книга е посветена на сложеноста на човековата природа во која емоциите и разумните мисли си противречат во мачната борба што ја водиме секојдневно.
Габор Мате стана неизоставно име на сите наши Саеми на книгата. Зашто создава култни книги што ги редефинираат сите заблуди кога станува збор за болестите, зависностите и траумите.
Преку докажани студии врз случаи, користејќи најсовремени невропсихијатриски истражувања и јасна анализа, д-р Мате покажува како личното минато, емоционалниот развој, хемијата на мозокот, социјалните услови и општествените фактори влијаат врз човековите состојби. Различно од сè што сме чуле и прочитале досега, оваа книга ќе ви помогне да достигнете хуман и сочувствен пристап кон секоја личност, а и кон себеси. Вистински саемски хит!

> ” НИЕДНО ОПШТЕСТВО НЕ МОЖЕ ДА СЕ РАЗБЕРЕ СЕБЕСИ БЕЗ ДА ГО ПОГЛЕДНЕ ОНОЈ ДЕЛ ОД СВОЕТО ЛИЦЕ ШТО Е ВО СЕНКА. “







~~450~~
399




~~450~~
399

## ДОЛГООСПОРУВАНИ СОВЕТИ ШТО ЌЕ ТЕ НАПРАВАТ ПОМОЌЕН

Стручноста на Грин се однесите на моќта, стратегијата и човечкото однесување. „48 закони на моќта“ беше наслов бр. 1 на минатогодишниот Саем на книгата. Дали истата слава ќе ги следи и неговите нови бестселери „Уметноста на заведувањето“ и „33 стратегии на војувањето“? Откриваме наскоро!
Впуштете се во животот во кој многу работи се непредвидливи, но со предзнаењето што ќе ни го овозможат книгите на Грин, нема да ги пречекаме неподготвени. Животот сепак има свои правила. Откриј ги со Грин!
„Уметноста на заведувањето“ ќе ви помогне да создадете искушение на кое луѓето не можат да му одолеат. „33 стратегии на војувањето“ ќе ви овозможи да ги предвидите работите и да ги свртите во своја полза.







~~450~~
399

## ТЕ ПОВИКУВА „НОЌНАТА КУЌА“ – ТРЕБА ЛИ ДА ОДГОВОРИШ НА ПОВИКОТ?

Ју Несбе се проби на уште еден литературен терен, на територијата на Лавкрафт, со необичен, мрачен и незаборавен роман што ги поместува границите на жанрот хорор и психолошки трилер.
Ако овој Саем на книгата се одлучивте да се обидете со нешто со кое не сте се обиделе досега на нашиот штанд, тоа дефинитивно е оваа книга!
Преведен на над 50 јазици, Ју Несбе стана култна фигура во литературата од неговата област. Овој пат мајсторот на напнатоста создаде повеќеслојна приказна за едно момче кое по трагичната смрт на своите родители во пожар, заминува во провинциско гратче во кое не може да најде никаква смисла. Нештата стануваат заплеткани кога исчезнува еден негов соученик. Иако сите го обвинуваат него, она што стои зад исчезнувањето е вистински хорор!

„ЦЕЛО ВРЕМЕ ОКОЛУ НАС СЕ СЛУЧУВААТ РАБОТИ ШТО НАШИТЕ СЕТИЛА НЕ МОЖАТ ДА ГИ УЛОВАТ.“

# Фјодор М. Достоевски






690

## ДОСТОЕВСКИ И ДЕМОНИТЕ НА НАШЕТО ВРЕМЕ

Пророк за Албер Ками, единствениот психолог од кого имал што да научи за Ниче, гениј на своето време – Достоевски е ненадминлив. „Демони“ е уште едно од низата негови ремек-дела што одамна не беше достапно во книжарниците низ нашата земја. Оваа капитална книга е метафора за катастрофалните последици на политичкиот и моралниот нихилизам. Претчувство за опасноста од радикалните идеологии што го потресоа светот во 19 и 20 век и се прелеаја и во овој наш век. Сомнежи и стравови облагородени во роман што стана еден од најзначајните во светот.

Кога идеологиите стануваат религија, човечкото срце ја губи човечноста. Достоевски го навести распадот на моралните вредности уште пред да се случи. Во овој свој раскошен роман тој кажува сè за чумата на материјалистичката идеологија што ја заразува неговата земја. „Демони“ е пророчки и свирепа хроника за негативната моќ на идеологијата што го запоседнува светот.

> ”НИТУ ЕДЕН ЧОВЕК НЕ ГО БИРА ЗЛОТО ЗАШТО Е ЗЛО; САМО ПОГРЕШНО ГО СФАЌА КАКО СРЕЌА.“

# Џ. Д. Селинџер






400

## ПРОТИВ ЛАЖНИОТ СВЕТ – ИСПОВЕД НА ЕДНА ИЗГУБЕНА ГЕНЕРАЦИЈА

Одисеја за напуштањето на детството, за загубата, но и за пронаоѓањето, „Чуварот во ’ржта“ е синоним за книжевна контроверзија на 20 век. Еднакво предизвикувачки е и преводот на Румена Бужаровска, кој го доловува сиот отпор кон културните и општествените вредности на неприспособените во светот, кои често завршуваат со крах. Но некогаш стануваат и класика.
Објавен во 1951 година, овој роман стана еден од највлијателните гласови на отуѓеноста и бунтот. Еден од најчитаните автори во светот сега преведен од една од најактуелните авторки кај нас и во регионот, Румена Бужаровска. Сосем нов призвук на симболот на генерацискиот немир. Глас против лицемерието и светот што бара приспособување по секоја цена. Подготвен од луѓе кои не го прифаќаат тоа.

„ПАЃАМ ВО НЕСВЕСТ ОД КНИГА ЗА КОЈА САКАШ ПИСАТЕЛОТ ШТО ЈА НАПИШАЛ ДА ТИ Е ЕПТЕН ДОБАР ДРУГАР.“



# Осаму Дазаи




300

## ВО СЕНКАТА НА СОНЦЕТО ШТО ЗАОЃА

Актуелни (веројатно и поактуелни од кога било) книгите на Осаму Дазаи се светлина во отуѓениот свет. Класика на современата мисла.
„Сонце што заоѓа“ е моќен роман за неопходноста човек да се снајде во новите времиња, кога мора да го напушти дотогашниот живот, а на хоризонтот нема ништо друго освен сонце што заоѓа.
Уште од 1947 година, оваа книга е едно од клучните дела на јапонската повоена литература и симбол за распадот на аристократијата и на стариот вредносен систем. Токму од него потекнува терминот „shayo-zoku“ – генерација на заоѓање, што е синоним за младите изгубени во новата реалност.
Преведен на бројни јазици во светот, а за првпат и кај нас, ова е дел од корпусот што Дазаи го вбројува меѓу најзначајните автори на 20 век.

„ЈАС САКАМ ДА ВЕРУВАМ: ЧОВЕКОТ Е РОДЕН ЗА ЉУБОВ И РЕВОЛУЦИЈА!“










~~450~~
399

**ПОНЕКОГАШ ПРАШАЊЕТО Е ПОЗНАЧАЈНО ОД ОДГОВОРОТ!**

Едноставна и трогателна, „Храброста да се биде среќен“ ќе запали факел што ќе ви го осветли животот и ќе го разубави светот што некогаш ви изгледа застрашувачки. Без разлика дали ќе ја читате самостојно или како продолжение на бестеселерот „Храброста да се биде свој“, оваа книга ви нуди нов и смел начин на размислување и живеење. Со своите проникливи увиди, ве оспособува да се ослободите од оковите на минатите трауми и од туѓите очекувања и да ја искористите новостекнатата слобода за да го создадете животот што навистина го посакувате.
Изберете ја „Храброста да се биде среќен“ и ќе изберете исполнет и независен живот благословен со вистински пријателства, со зрела љубов и со работа што ја сакате.

„ШТО АКО ЕДЕН ЕДНОСТАВЕН ИЗБОР МОЖЕ ДА ЈА ОТКЛУЧИ ВАШАТА СУДБИНА?“

# Бернардо Стаматеас






~~450~~
380

## ЗАШТИТИ СЕ ОД НЕГАТИВНОТО ВЛИЈАНИЕ НА ТОКСИЧНИТЕ ЛУЃЕ

Сите се среќаваме со проблематични луѓе: авторитарни шефови кои омаловажуваат, соседи оборувачи и кавгаџии, завидливи колеги или соученици, роднини кои нè обвинуваат за сè, манипулативни пријатели, арогантни, раздразливи, лажливи мажи и жени... Сите овие токсични луѓе ни го загорчуваат секојдневието и емоционално нè оптоваруваат, но некои можат да ни го упропастат животот – да ни ги уништат соништата или да нè спречат да ги постигнеме своите цели.
Како да ги препознаеме токсичните луѓе? Откријте на овој Саем на книгата и започнете сосем ново поглавје од својот живот!

> ЦЕЛТА НА ТВОЈОТ ЖИВОТ Е САМО ТВОЈА И САМО ТЕБЕ ТИ ПРИПАЃА МОЌТА ДА ЈА ОСМИСЛИШ.







~~550~~
**450**

## ПОДАРОК ЗА ДУШАТА И ПРАКТИЧЕН ВОДИЧ ЗА ЖИВОТОТ

Се чувствувате прегорено? Ви се распаѓаат врските? Се сомневате во себе? Го губите правецот?... Отворете ја оваа книга секогаш кога ќе ви затребаат охрабрување и мотивација! Зашто таа е водич за животните пресврти. За моментите кога станува комплицирано да се живее. Задолжителен придружник на претходниот бестселер на Џули Смит „Зошто никој не ми го кажал ова порано“. Книга што треба да ја отворите и да ѝ се обратите кога ќе се најдете среде бура. Дознајте како да ги решите секојдневните проблеми! Овие се зборовите што треба да ги чуете за да застанете на нозе, чувствувајќи се повеќе од подготвени за совладување на новите пречки што животот ви ги поставил на патот.

> „КОГА ВИ Е ТЕШКО ДА БИДЕТЕ СО САМИТЕ СЕБЕ ИЛИ СО ДРУГИТЕ – ОТВОРЕТЕ ЈА ОВАА КНИГА.“







~~420~~
**350**

## ЖИВОТОТ МОЖЕ ДА БИДЕ ПОСАМОУВЕРЕН, ПОУСПЕШЕН И ПОСРЕЌЕН

Кога не сте сигурни дали му се допаѓате некому, обрнете внимание на говорот на неговото тело – тој честопати зборува погласно од зборовите. Како поранешен агент на ФБИ и признат експерт за невербална комуникација, Џо Наваро го збогатува својот бестселер „Што кажува секое тело“ откривајќи ни над 400 основни показатели за говорот на телото и стотици дополнителни однесувања.
Движејќи се од главата кон стапалата, Наваро ги објаснува скриените значења на многуте несвесни движења што ги правиме со нашите тела и нè учи како да откриеме многу за соговорникот од говорот на неговото тело, од положбата на палците или на стапалата, или за нечии чувства според движењето и ширењето на зениците. Искористете ги советите од оваа книга за да изградите самоуверен, успешен и среќен живот во кој можете да уживате.

„Ако со јазикот луѓето ги прикриваат своите мисли, целта на гестовите е да ги откријат.“

# Метју Вокер






~~690~~
590

## ОД ДОБАР СОН ДО СОВРШЕНСТВО

До неодамна науката немаше одговор на прашањето зошто спиеме, или зошто страдаме од толку катастрофални последици кога не спиеме. Истакнатиот експерт за спиење Метју Вокер нуди ново разбирање за виталното значење на спиењето и сонот. Ни дава експлозија од научни откритија што во последните дваесет години фрлија во сенка речиси сè што важеше за основниот аспект на нашите животи.
Вокер ни дава одговори на многу значајни прашања: што навистина се случува за време на РЕМ-спиењето, зошто нашите модели на спиење се менуваат во текот на животот, како ни влијаат вообичаените помагала и дали долгорочно ни штетат, како да го искористиме спиењето за да ги подобриме помнењето, енергијата и хормоните, да спречиме рак, Алцхајмерова болест или дијабетес, да ја зголемиме долговечноста, да го подобриме животниот век, нашата ефикасност и продуктивност...
Навистина просветлувачки!

„ПОВТОРУВАЊЕТО НЕ Е САМО МАЈКА НА ЗНАЕЊЕТО. ПОВТОРУВАЊЕТО, ЗАЕДНО СО ДОБАР СОН, ВОДИ КОН СОВРШЕНСТВО.“







~~420~~
350

**АКО НЕ ГО САКАТЕ ОВОЈ АВТОР, ЗНАЧИ ДЕКА НЕ СТЕ ГО ПРОЧИТАЛЕ!**

Силвио Лупарело, еден од највлијателните луѓе во гратчето Вигата, е пронајден мртов во својот автомобил, со спуштени панталони, и тоа во озлогласениот дел од градот што го користат проститутки и дилери на дрога.
Како што се шири веста за неговата смрт, почнуваат да се шират и шпекулациите. Медицинскиот извештај е категоричен: природна смрт, но комесарот Монталбано ја продолжува истрагата уште два-три дена. Со својата карактеристична мешавина од хумор, цинизам, сочувство и љубов кон добрата храна, решен е да се избори против моќните и корумпираните, кои со разни сплетки му го блокираат патот до вистината. Но и кога ќе ја открие, тој дел од неа ќе задржи за себе...

” ВИСТИНАТА Е КАКО ВОДАТА. СЕКОГАШ ЈА МЕНУВА СВОЈАТА ФОРМА ВО ЗАВИСНОСТ ОД САДОТ ВО КОЈ ЌЕ ЈА СТАВИШ. “







~~380~~
320

## БИДЕТЕ СВОЈ ПСИХОЛОГ И ПРОНАЈДЕТЕ СЕ СЕБЕСИ НА ПАТОТ

Анализирањето на туѓите однесувања не е лесно – но само ако не ги знаете алатките од оваа книга! Луѓето често несвесно ни даваат многу информации за себе. Можеби нема да ги читате нивните мисли, но вооружени со знаење за тенденциите во однесувањето, за мотивацијата и теориите на личноста и природата наспроти воспитувањето – ќе стекнете подлабоко разбирање што другите можеби го немаат за себе. Размислувајте како психолог, дешифрирајте ги однесувањата и унапредете ги своите цели – подобри врски, висока самодоверба, саморазбирање и живот без непотребни падови и нервози!

„РАЗБИРАЊЕТО НА ЛУЃЕТО Е ПАТ КОН РАЗБИРАЊЕ НА СЕБЕСИ И БУДЕЊЕ НА СОПСТВЕНАТА СВЕСТ.“

# Драган Тапшанов






250

## АВАНТУРАТА ТЕ ЧЕКА – ВЛЕЗИ ВО ШУМСКАТА ПРИКАЗНА НА МАРК

Дали имаш чуено за Драган Тапшанов, авантуристот кој постојано патува низ Македонија и низ светот? Заедно со неговата сопруга и синот Марк, ја истражуваат природата сакајќи ја повеќе од сè. На едно од нивните патувања започнува традицијата на раскажување приказни пред спиење, во кои самиот Марк има главна улога.

Една од тие приказни – создадена на патување во шведска Лапонија –ексклузивно ќе можеме да ја читаме од овој Саем, уживајќи во илустрациите на Калиопи Трпчева, која ја долови целата живост на природата што ја чува и ја негува ова семејство.

Првата книга од серијалот „Авантурите на Марк“ е топла приказна за мали херои, големи лекции и за љубовта кон природата. Уживај во разговорот со Марк, лажливата верверица, Медве и секој што ќе застане на шумскиот пат!

> „НИЕ СМЕ ТИВКИ ЉУБИТЕЛИ НА ПРИРОДАТА ШТО ПОКАЖУВААТ НАЈГОЛЕМА ПОЧИТ КОН ШУМАТА. НЕ ВИКАМЕ, СИ ЛЕГНУВАМЕ НА ЗАЈДИСОНЦЕ И ЗАД НАС ОСТАВАМЕ САМО СТАПАЛКИ.“







~~400~~
320

## РЕДОК БИСЕР МЕЃУ РОМАНИТЕ

„Sверовите“ не е роман што ќе ве натажи или што ќе ви го скрши срцето на вообичаениот начин. Тој е одлично исткаен, див и привлечен, со уникатен стил што води низ една несекојдневна, а сосем можна приказна.
Том Келер припаѓа на најозлогласеното семејство во област полна со ловокрадци, фарми за ласици и други сомнителни активности, кои главно им се припишуваат на неговите сурови чичковци. Тој расте како нивен чирак во таа средина полна со тајни, останат без мајка, со татко повлечен во својот свет. Но Том е благословен со извонреден талент за мотокрос.
Што ќе се случи со неговиот талент среде борбата со слабостите и демоните и потрагата по изгубениот татко?
Неверојатна кулминација со семејно обединување со драматичен пресврт!

„ЖИВЕЕМЕ ОД РАЗОЧАРУВАЊЕ ДО РАЗОЧАРУВАЊЕ,
КОИ ЕДЕН ДЕН МОРА ДА СЕ ИСКУПАТ.“







250

## КОН НЕВИДЛИВИТЕ НЕШТА = КОН ЗНАЧАЈНИТЕ

Оваа сликовница од Омер Курт е една од најнежните и најпоетичните приказни што ќе ги прочитате. Таа е патоказ во животот на децата кон невидливите, а силно присутни нешта. На едноставен и топол начин, книгата зборува за ветрот како симбол на љубовта, вниманието и поврзаноста – нешта што не можеме да ги видиме, но можеме да ги почувствуваме. Со впечатливи илустрации, приказната поттикнува љубопитност и емоционална свесност кај најмладите. Курт е современ турски автор кој пишува за деца со посебна чувствителност кон секојдневните, мали чуда. Неговите дела често носат тивки, но длабоки пораки, кои остануваат со читателот долго по последната страница.

„И ВЕТРОТ Е КАКО ЉУБОВТА. НЕВИДЛИВ. ЗА ДА ГО ЧУЕШ ТРЕБА ДА СЛУШАШ, ЗА ДА ВИДИШ ВНИМАТЕЛНО, ТРЕБА ДА ГЛЕДАШ.“

# Скалест попуст*

* 5 + книги
**дополнителен**
10 % попуст

10 + книги
**дополнителен**
15 % попуст



# Ексклузивците на ТРИ*

* Кога сакаш приказни што остануваат









~~400~~
350

**РАЗЛИЧНО ОД СÈ ШТО ДОСЕГА ЧИТАВМЕ ОД ВЕНКО АНДОНОВСКИ!**

Андоновски има напишано многу, но и покрај сиот негов опус, „Александар јава на запад“ не припаѓа во ниту една од познатите категории. Оваа фасцинантна фарса и ведра гротеска напишана со брутална смелост, пародиски е означена како жанр „чекајќи роман“.
Но некому не му се чека – на двата споменика од скопскиот плоштад, на Александар и Гоце! Во оваа книга тие оживуваат и тргнуваат да видат како денес изгледа светот. Што се случува кога Александар тргнува на поход на Запад (и тоа со Гоце), наместо на Исток?
Уште денес расплети ја загатката што ќе те потсети на сјајните моменти од комедиите и фарсите на Андоновски, кои беа хитови цели две децении на нашите театарски сцени. Денес театарот е во нашата глава!

„ВО СЕКОЈА ЛАГА ИМА ЗРНО ВИСТИНА.“




~~450~~
350

## Венко Андоновски
# Папокот на светлината

„Папокот на светлината“ излезе од печат на 1 декември 2022 година и оттогаш стана најбараниот и најзборуваниот наслов низ сите книжарници и низ македонските читателски разговори. Романот што го чекавме 20 години ги надмина сите очекувања. Се здоби со меѓународната Толстоева награда „Јасна Полјана“, со наградата „Стале Попов“ за најдобро прозно дело за 2022 година, влезе во најтесниот круг за избор на Роман на годината и беше најпродавана книга во нашите книжарници во 2023 година.




~~360~~
280




~~500~~
380




~~450~~
350




~~350~~
250




~~350~~
270




~~400~~
320

# Лидија Димковска







~~400~~
350




~~400~~
320

## ПРВ РОМАН ЗА ДЕЦА И МЛАДИ ОД ЛИДИЈА ДИМКОВСКА!

За квалитетите на творештвото на Лидија Димковска сведочат многуте награди, но пред сè, многубројните читатели. Од денес меѓу нив ќе може да се вбројат и малите и големите! Според Билјана Црвенковска, една од првите читател(к)и на романот, тој е „неочекувано и длабоко нурнување на авторката во литературата за млади“.
Со овој роман, Лидија Димковска уште еднаш ја потврдува својата препознатлива моќ да создава книжевност што носи видливи промени. Таа во „Тринаесеттиот“ ги спојува традицијата со современоста, народните приказни со Четџипити, Јутјуб, Инстаграм создавајќи урнебесна приказна која од една страна слатко засмева, а од друга страна, длабоко замислува.

„Кога децата би воделе дневник и би ги запишувале одговорите на прашањата што авторката ги поставува, од секој/а читател/ка би се создал нов роман. Роман што раѓа романи.“

Анита Бошкова Доковска







~~450~~
399

## ПРВ РОМАН ОД БУЖАРОВСКА – РОМАН ЗА МАШКОСТА, ЗА ГРАДОТ И ЗА ТРАДИЦИЈАТА

Ставајќи се себеси на прво место, Тони неприкосновено се држи за својата илузорна дефиниција за личната слобода. Наместо да ги храни своите лични односи со емпатија, тој паразитски нагризува од емпатијата и љубовта на луѓето кои се грижат за него.
Тони тоне, удолу го влече товарот на неговиот лежерен став кон животот, недостигот на сопствен интегритет и живеењето на стара слава, која исто така е под знак прашање.
Напишан на жив, остар и современ јазик, во препознатливиот горчлив и истовремено духовит стил, „Тони“ ќе ве удри од земја и ќе ве натера да ги преиспитате односите од нашето секојдневие.
Романот што крена вистинска прашина, по продадени 2 000 примероци, неодамна доживеа трето издание.

„ДА БЕШЕ РЕАЛЕН ЛИК, ТОНИ ЌЕ БЕШЕ МАЖ НА ГОДИНАТА НА РАДИО МИЛЕВА!“

*Петар Андоновски*




~~340~~
280

## ОПАСНА ЗА СТАВОВИТЕ НА ПРИПАДНОСТ НА ЧИТАТЕЛОТ

Спомени, мириси, слобода. Отуѓеност, страв, стереотипи, пушки. Америка е синтеза. Точка на вриење. Почнувајќи од нејзиното најрано детство во Аризона и американските училишта, па сè до средби кои го менуваат животот, како онаа со Филис Роуз, и сите останати познанства, дури и оние кои не стигнале да се продлабочат.
Во овој свет во кој е невозможно да се остварат долготрајни пријателства, што пак создава друга болка – осаменоста, тешко е човек да се присетува. А камоли да напише длабоки есеи, кои не се само критика или лично видување туку се и вонвременски дневник кој бара соголување на душата. И на безмилосната стварност, токму како што и самата Америка некогаш нема милост.

> „ПИСАТЕЛКА СО ИСКЛУЧИТЕЛНА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА, СУРОВОСТ И ТАЛЕНТ ЗА ТРАГИКОМИЧНОТО.“
>
> *Фигаро*




~~350~~
300




~~350~~
300




~~280~~
240







~~299~~
260

## АКО ГЛАСОТ НЕ ЗАМОЛЧУВА, ЗБОРУВАЈ ПОГЛАСНО!

Замисли какво место би бил светот ако сите се поистоветуваме со секоја мисла што ќе ни дојде на ум? Толку многу мисли, толку многу улоги – невозможно е да мислиш дека тоа си ти.
Биди упорен, победи ги ноќите во кои тој глас не те остава да заспиеш и деновите во кои не ти дозволува да сонуваш.
Победи го сето она шепотење што ти става сопки дури и кога видикот е отворен и чист. Зашто ти си многу повеќе од „Гласот во твојата глава".
Оваа книга веќе им помогна на над 1 000 луѓе да го замолчат гласот во својата глава. Направи го и ти тоа за себе! Тој глас што го нарекуваш инстинкт, разум, свест знае да биде твој најголем судија и критичар, ти прави самосаботажа и те сопнува кога најмногу сакаш да тргнеш напред. Биди меѓу оние што го победуваат!




~~299~~
250




~~250~~
199




199




~~299~~
250




199


















## КНИГИТЕ НА ВИНКА САЗДОВА СЕ КАКО ОБЛАЦИ. ДОДЕКА ГИ ЧИТАШ НАТЕЖНУВААТ ОД ЧУВСТВА, А ПО ЧИТАЊЕТО СЕ ПРАЗНИШ

Чудно е. Како едновремено се полниш и празниш. Како на истото место се губиш и пронаоѓаш. Изгуби се. Пронајди се. Танцувај со зборовите на Винка Саздова. Уште со првиот роман остави неизбришлива трага, а денес е една од најпрепознатливите македонски авторки. Со психолошки изнијансираните ликови во „Вилино“, Винка Саздова го потврдува своето раскажувачко мајсторство. Префинета симболика, очудувачки детали, прекогниции, соништа, сеизмографски треперења на душата. И роман-терапија: ведриот женски лик на Вили од идиличното Вилино, спротивставено на градот како дувло на страстите и осаменоста.

> „ПОНЕКОГАШ ЗБОРОТ Е ПОСИЛЕН ОД ВИСТИНАТА.“







~~250~~
200




250

## ГОРАН СТЕФАНОВСКИ НЕ САМО ШТО ГО ПРОМЕНИ ТЕКОТ НА КНИЖЕВНОСТА ВО 20 ВЕК ТУКУ ПРЕДИЗВИКУВА И ПРОМЕНИ КАЈ СЕКОГО ОД НАС

Горан Стефановски, како пајак во својата мрежа, се претопуваше во своето писмо. За среќа, неговата пајажина е единствена и трајна. Денес и ние можеме да се вклопиме во неа и таму да ја најдеме својата смисла. Влезете во овие негови есеи што ги пишувал во распон од цели три децении. Сега сите тие години и мисли ги имаме во една книга благодарение на Иван Додовски.
И не заборавајте на „Писмо до внуката“ – со инспиративни зборови откинати од душата на дедото кои за секое дете се патоказ кон новиот свет.

ГОРАН СТЕФАНОВСКИ Е ИМЕТО БЕЗ КОЕ НЕ МОЖЕ ДА СЕ ЗАМИСЛИ МАКЕДОНСКАТА СОВРЕМЕНА УМЕТНОСТ.

# *Македонскиот книжевен великан*

# *Петре М. Андреевски*






~~350~~ 280




~~200~~ 160




~~350~~ 260

**НЕГОВОТО ИМЕ СЕ СЛАВИ И ЌЕ СЕ СЛАВИ. КОЈ СÈ УШТЕ НЕ ГИ ЗАПОЗНАЛ ДЕНИЦИЈА, НЕБЕСКА, ЈОН ИЛИ ВЕЛИКА, КОЈ СÈ УШТЕ НЕ ПРОБАЛ ДА ИСКОРНЕ ПИРЕЈ И НЕ СИ КАЖАЛ: ОВА Е МОЈАТА ЗЕМЈА – ТОЈ НЕ ГО ОСОЗНАЛ СТОЛБОТ НА МАКЕДОНСКАТА ПОЕЗИЈА И ПРОЗА**

Годинава се навршуваат 20 години од заминувањето на еден од омилените автори на сите генерации. Во „Деницијa“ се запишани несомено едни од најубавите македонски стихови, а „Кога ја љубев Деницијa“ е една од највеличествените песни за љубовта. Објавена уште во 1968 година, таа ни докажува дека времето не им може ништо на вистинските вредности. И кога се чини дека сè е поприсутно од неговото отсуство, треба да ги отвориме книгите и да се сетиме дека некои луѓе едноставно никогаш не заминуваат.

> „СО НАСМЕВКА МОЖЕШ НАЈЛЕСНО ДА МУ СЕ ДОБЛИЖИШ НЕКОМУ. НАСМЕВКАТА ЈА БРИШЕ СЕКОЈА ДАЛЕЧИНА МЕЃУ ЛУЃЕТО.“

# Виолета Танчева-Златева







~~250~~ **199**

## НА ТИ СО СЕБЕСИ, СВЕТОТ, ЕРОСОТ И ТАНАТОСОТ

Виолета Танчева-Златева е еден од највдахновените гласови во современата македонска книжевност. Во нејзината најнова поетска книга „На ти со Ерос и Танатос“, таа е на ти со себеси и со светот.
Лидија Димковска за оваа книга напиша: „Виолета Танчева-Златева умешно, автентично и игриво ја преиспитува парадигмата на љубовта и припадноста, на присуството и отсуството, на загубата и надежта, на суштината на меѓупартнерските односи, на животот како разминување.“
Преку разминувањето со себеси, се стигнува до Ти со Еросот и Танатосот!




~~300~~ **250**




~~200~~ **150**




~~200~~ **150**




~~250~~ **199**




~~200~~ **150**

# Секогаш читани

Кога си на иста фреквенција со светот









~~550~~
**450**

Книга што го разбива митот за растројството со недостиг на внимание, задолжително четиво за родителите и за сите кои сакаат да разберат како искуствата во детството ги обликуваат биологијата и психологијата на човечкиот мозок.

Растројството со недостиг на внимание (АДД) сè повеќе го привлекува вниманието на јавноста поради неговата широка распространетост и влијанието врз децата, но и врз кариерата на возрасните и социјалниот живот. Опишувајќи ја болната реалност на многу луѓе, искрено споделувајќи го своето лично искуство како возрасен со оваа состојба и татко на три деца со истата дијагноза, д-р Мате повикува на создавање семејни односи што гарантираат простор во кој сите се чувствуваат разбрани и сакани онакви какви што се.

> „АКО МОЖЕМЕ АКТИВНО ДА САКАМЕ, НЕМА ДА ИМА НИ НЕДОСТИГ НА ВНИМАНИЕ НИ РАСТРОЈСТВО.“




~~690~~
550

## Митот за нормалното

Револуционерна книга која докажува дека нашата емоционална состојба и меѓучовечките односи се во тесна врска со здравјето и болеста. Според д-р Мате, западната медицина сè уште не му пристапува на човекот како на целокупна личност, туку се сосредоточува само на болеста. Нашите лекари го занемаруваат фактот дека целата денешна култура на живеење го изложува телото на стрес, го оптоварува имунолошкиот систем и ја разнишува емоционалната рамнотежа.
Најамбициозната, можеби најважната современа книга за здравјето, водич кон исцелување и неодложен повик за спас на современиот човек. Книга во која читателите можат да најдат засолниште и утеха во моменти на длабока лична и општествена криза, која може да послужи како компас кога ќе се изгуби ориентацијата.




~~600~~
499

## Држете се до своите деца

„Родителството е однос, а не вештина што треба да се совлада", вели Габор Мате. Денес децата сè помалку се огледуваат на родителите, помалку се плашат дека ќе западнат во неволја, а им недостига љубопитноста што предизвикува восхит кон светот. Но луѓето треба да го прават светот, а не светот луѓето.
Оваа книга ќе те поврзе со твоето семејство и ќе воспостави соодветна хиерархија во домот, а притоа децата ќе се чувствуваат безбедно и сфатено.




~~550~~
399

## Кога телото вели НЕ

„Кога не сме научиле да кажеме *не*, телото ќе го каже тоа наместо нас." Луѓето отсекогаш интуитивно знаеле дека телото и умот не можат да се раздвојат. Но современиот начин на живеење, освен што ги раздвои, донесе и ново ниво на стрес што претставува извор на многу болести. Со вистинските методи, Габор Мате најде начин како да им помогне на своите пациенти. Проникни во себе и во механизмот на функционирање на твоето тело и твојот ум.



Извршниот директор што ги дава најдобрите бизнис-совети

## Стивен Бартлет

# Дневникот на еден извршен директор




~~550~~
**480**

### ЗА ВАЖНОСТА НА НЕКОНВЕНЦИОНАЛНИТЕ ПАТИШТА ДО МОЌТА

Роберт Грин, авторот што направи бум со својата нова филозофија на моќта, му оддаде признание на Стивен Бартлет велејќи дека авторот на „Дневникот на еден извршен директор“ ги надмина несовладливите пречки да се стане мегауспешен многукратен претприемач. На тој пат научил вредни лекции и сега ги споделува со нас. Добре дојдовте во најновите истражувања и во богатите искуства во книгата од која ќе можете да научите како да го остварите својот целосен потенцијал.  Ако сето ова ви звучи познато, а сè уште не сте најдобрата верзија од себе, сепак, треба да се осмелите со нешто многу похрабро. Токму како оваа книга. Осмелете се... овој Саем на книгата!



Алгебрата не е достижна, ако нè учи Скот Галовеј

## Скот Галовеј

# Алгебра на богатството




~~550~~
**380**

### СРЕЌА НЕ Е ДА ГО ИМАШ ОНА ШТО ГО САКАШ, ТУКУ ДА ГО САКАШ ОНА ШТО ГО ИМАШ. ТИ ТРЕБА ВИСТИНСКА СТРАТЕГИЈА ЗА ТОА.

Ова не е типична книга за личните финансии. Нема табеларни пресметки, страници со долги табели за споредба на придонесите и расходите, нема да ве поттикне да се ослободите од кредитните картички или да лепите мотивациски цитати на фрижидерот. Не затоа што не се вредни, туку затоа што има друг начин. Многу посигурен и поуспешен. Ќе научите како да поставите основа, не само за богатството туку и за вештините, врските, навиките и приоритетите што овозможуваат напредување. Богатството е отсуство на економски грижи и стресови. Можеме да избереме како ќе живееме, во оној миг кога ќе се ослободиме од притисокот за заработување.



Најреволуционерниот ум на денешницата

## Роберт Грин
# 48 закони на моќта




~~450~~
399

**ЕДЕН ОД НАЈГОЛЕМИТЕ ХИТОВИ ВО СВОЈАТА ОБЛАСТ!**

Многумина ја оценија оваа книга како фасцинантна. Меѓу овие 48 закони на моќта ќе препознаете многу од Макијавели, Сун Цу и од други мудреци што одамна ги открија тајните на тоа што значи да се биде моќен и исполнет. Подгответе се за својата најдобра верзија со една од суштинските книги во последниве години, која навистина го промени текот на популарната психологија. Бидете во тек – сега е време за вистински револуционерни промени. А оваа книга важи за токму таква. Контроверзна, дури и забранувана, а една од причините е бидејќи нè понесува кон едно ново борбено јас што тлее во секого. Неверојатно остроумна. Причините ги откриваме наскоро, штом ќе се нурнете во законите на моќта што ќе ве остават без простор за премислување!



Психологот што знае како да управува со парите

## Морган Хаусел
# Исто како и секогаш




~~550~~
399

**СМЕНЕТЕ ГО ПРОЦЕСОТ. ЧЕКОР ПО ЧЕКОР, ОТКРИЈТЕ ГИ НЕШТАТА ШТО НИКОГАШ НЕ СЕ МЕНУВААТ**

Со својот вообичаен мајсторски тон, Морган Хаусел пишува книга за оптимизирање на ризикот, за користење на можностите и живеењето на најдобриот живот. Преку низа интересни и концизни примери, тој покажува како можеме да го искористиме нашето новооткриено разбирање за непроменливото.

Предвидете ги големите работи, не само за да си овозможите финансиски удобности туку и за да си обезбедите вистински проживеан живот.

Гледањето кон минатото не е секогаш лоша работа. Ако сакате да го разберете светот што се менува, започнете со она што е непроменето.






~~420~~ **299**

## СОВРЕМЕНИОТ ГУРУ (ШТО) НИ ГИ МЕНУВА ЖИВОТИТЕ

Робин Шарма обележа многу животи. Без него не може да се замисли литературата за самопомош и успех, а огромен број луѓе низ целиот свет не можат да замислат каде би биле сега ако не ги прочитале неговите книги. Дозволете Робин Шарма да остави печат и врз вашиот живот, не само како автор туку и како пријател предлагајќи ви ги книгите што нему му го промениле животот. Робин Шарма со секоја следна книга сè повеќе нè освојува. Како што чекори подлабоко во животот, најпознатиот гуру за личен развој открива нови сознанија од неисцрпното море на мудроста. Тој е вистинскиот избор за мотивација!




~~500~~ **380**




~~600~~ **490**




~~600~~ **499**



# Бријана Вист




~~500~~
399

„Пресвртна година“, книга со 365 позитивни потсетувања со кои ќе ги смените деновите, а со тоа и годината. Храброста со која ќе влезете во денешниот ден ќе стане судбината со која ќе се сретнете утре. Дали ќе продолжите одново да го повторувате она што било вчера или ќе го пречекате сегашниот момент и ќе искористите најмногу од она што сега го имате пред себе?
Секој ден може да стане пресвртен.
Секоја година е годината што може да ви го промени животот. Така и овој ден, овој месец и оваа година!




~~350~~
299




~~600~~
450

> „СИТЕ КОИ СОНУВАТЕ ЗА ГОЛЕМИ НЕШТА – ЗАЧЕКОРЕТЕ И ПАТОТ САМИОТ ЌЕ СЕ ПОЈАВИ.“

# Џули Смит

*Твојот водич за себепознавање*






~~450~~
380

Полна со докажани стратегии, книгата на Џули Смит е практичен водич за среќа. Прочитај ги сите работи што требало да ги знаеш порано и без да се каеш за нив, погледни се во огледалото и кажи ги за да ги слушнеш. Самиот ти, со добра книга во рацете, си својот пријател и советник што некогаш ќе го запознаеш. Запознај се себеси со оваа одлична книга што ги лекува сите рани.
Подготви се да се соочиш со најдлабоките спомени скриени длабоко во тебе, да се сетиш на сите нешта што некогаш си посакувал да ги заборавиш, најди мотивација и волја да си простиш. Кога за некое време ќе се свртиш назад, ќе сфатиш дека оваа книга била вистинскиот избор што си го направил.

„ТИ НЕ СИ ТВОИТЕ ГРЕШКИ. КОГА НЕШТО НЕМА ДА УСПЕЕ, НЕ МЕНУВАЈ ГО ОДНОСОТ КОН СОПСТВЕНИОТ (НЕ)УСПЕХ, ТУКУ НАЧИНОТ НА КОЈ РЕАГИРАШ."



Најдобрите водичи за трајна љубов

## Џон Готман и Џули Шварц Готман
# Осум состаноци




~~450~~ 299

**СЕКОЈА ГОЛЕМА ЉУБОВНА ПРИКАЗНА Е ЕДЕН БЕСКРАЕН РАЗГОВОР.**
Животите во голема мера зависат од нашите љубовни врски, па зошто беспотребно би си го отежнувале патот? Големата тајна на љубовта е откриена! Со помош на оваа книга ќе успеете да си ја зацврстите и продлабочите врската. Освен што ќе се забавувате, со овој водич ќе станете пољубопитни и поотворени кон својот партнер. Така никогаш нема да престанете да разговарате, а токму тоа е клучот за (ис)трајноста.
Чудесна книга што ќе ве научи дека никогаш не треба да престанете да поставувате прашања. Но поставувајте ги вистинските прашања. Вештините за интимен разговор и советите за искреност за сопствените потреби и емоции важат за секоја врска.



Најзначајниот модерен гуру

## Џеј Шети
# Осум правила на љубовта




~~600~~ 450

Монахот што нè научи како да размислуваме остроумно и сочувствено, сега нè учи како да сакаме. Да, љубовта се учи, а секое чувство треба да се негува. Неговите начела и сознанија ќе ви помогнат да сфатите како да победите или да изгубите заедно, како да ја дефинирате љубовта и како да сфатите дали е добра за вас.
Наместо веднаш да свртите нова страница во животот, свртете ги страниците на оваа книга и заклучете дали ви треба ново поглавје или можеби само мали поправки.



# Елиф Шафак

*Ненадминатата турска авторка со западен сензибилитет*




~~650~~ 499

**ЕДЕН ОД НАЈМОЌНИТЕ ЖЕНСКИ ГЛАСОВИ НА СВЕТСКАТА СЦЕНА**

Сите нејзини романи се простори во кои историјата се преплетува со личната меморија, а човекот се соочува со сопствениот идентитет во постојано движење. Со поетски и смел јазик, Шафак не може да разочара. Истражи ги љубовта, болката и надежта и ќе почнеш да ги гледаш како сили што го обликуваат светот. Книжевниот универзум на Шафак е задолжително скривалиште на сите читателски души. Надмини го времето и изгради нов свет – понадежен и посвој! Ако го немаш искусено ова патување, внатре и надвор од себеси, погледни ги овие книги што те чекаат на нашиот штанд. Никогаш не може да ѝ е тесно на душата ако ја сместиш во книги кои не познаваат граници!




~~500~~ 360




~~500~~ 399




~~550~~ 399



Нашето јапонско откритие на годината

## Сајака Мурата
## Продавачката




~~300~~ 270

**НЕЗАБОРАВНА КНИЖЕВНА ХЕРОИНА – УШТЕ ЕДЕН ЈАПОНСКИ ХИТ**

Дали некогаш се имате препознаено во некоја девојка што никогаш не успева да се вклопи во средината, но сепак, успева да го пронајде сопствениот мир и слободата? Ако се препознавате во овие неколку збора, тогаш сигурно зад ликот на оваа позната продавачка ќе се видите себеси. И покрај проблемите со кои се бори, таа е бескрајно среќна. Зошто да не бидете и вие?

Откријте како со овој јапонски бестселер што го обиколи светот! Книгата што стана огромен хит во Јапонија со над 650.000 продадени примероци, преведена на над 20 јазици, сега може да ја имате и на вашите полици.



Актуелна за сите генерации

## Доли Олдертон
## Сѐ што знам за љубовта




~~500~~ 380

**ЕКСТРЕМНО ЗАБАВНА, НА МОМЕНТИ ТРОГАТЕЛНА ДО СОЛЗИ И ЕУФОРИЧНА, ЗА ВИСТИНСКОТО ЗНАЧЕЊЕ НА ЉУБОВТА**

Имате поминато безброј бессони ноќи на „МСН“ допишувајќи се со другарите? Бевте шампион во менување на музички канали за да ја чуете својата омилена песна? Офкате кога ќе се сетите на модните комбинации од раните 2000-ти години? Книга што ќе ве потсети како да се биде млад и вљубен...

И изгубен. И на обидите да се пронајде љубовта со големо „Љ“. Тука секој може да се препознае во кршењето на срцата, пијанчењата со друштвото, во младоста, но и во созревањето.

Искрено четиво за слатките маки на милениумците, за пријателствата, созревањето, еуфоричните ноќи, мамурните утра и годините поминати во потрага по љубов.

Трагикомичноста е најважна за отворено искусување на животот!



Една од најбараните авторки на *Гудридс*

## Алисон Еспак

# Луѓето од свадбата




~~590~~
**420**

**НЕОЧЕКУВАН ГОСТИН НА СВАДБАТА! ИЗНЕНАДЕНИ ПОГЛЕДИ? ТАЈНА ШТО МОЖЕ ДА ГО РАСИПЕ ДОЛГОПЛАНИРАНИОТ НАСТАН**

Кога Фиби Стоун пристигнува во големиот хотел во кој се одржува свадба, сите во лобито мислат дека е гостинка. Но таа е единствената која не е тука за големиот настан. Фиби долго сонувала да дојде со нејзиниот сакан, а сега доаѓа сама и планира нешто што може да ја расипе свадбата...

Смешна, но и поразително нежна, оваа книга е новиот хит меѓу бестселерите. Со рејтинг од 479.809 и 54.689 осврти на *Гудридс*, по неполна година од објавувањето, оваа книга е апсолутен хит во својот жанр.



Урнебесна! Авторка што засмева до солзи

## Кертис Ситенфелд

# Романтична комедија




~~550~~
**399**

**БЕСТСЕЛЕРОТ НА *САНДЕЈ ТАЈМС* И *ЊУЈОРК ТАЈМС***

Духовита и урнебесна приказна за срцето што се следи себеси без разлика на тоа што мислат другите.

Кертис Ситенфилд е ново име во белетристиката што за првпат ќе го читаме во превод на македонски јазик. Набргу ќе ја откриеме нејзината моќ да ги создава ликовите многу пореални од обичните романтични комедии. Таа е храбра и бескомпромисна. Потрагата по љубов во која секој е впуштен овој пат е забавна, но на моменти и тажна. Всушност, сосем идентично како и во животот.

Кој од нас не се запрашал: зар би ме љубел некој мене? Совршено четиво за топлите денови!



# *Харуки Мураками*

*Јапонскиот крал на магичниот реализам*




~~400~~ 320

## ИНТРИГАНТНИОТ „ПИСАТЕЛ ПО ВОКАЦИЈА“

Новата збирка есеи од Харуки Мураками ни дозволува да ѕирнеме во умот на генијалниот писател, каде што се создаваат неговите познати, надреални светови.
Оваа книга е длабоко искрен личен поглед кон занаетот на пишувањето на еден од најголемите писатели на нашето време.
Полн со свежина, лични чувства и искуства, Мураками ја крева завесата зад која гори огнот што ги инспирира творците и ни нуди свои одговори за тоа што значи да се биде раскажувач, а што издавач или читател, каква е улогата на романот во нашето општество, од која точка животот станува роман, а романот живот.




~~500~~ 380




~~500~~ 380




~~380~~ 299



Најмрачниот меѓу современите писатели

## Стив Кавана
### **Убиваш за мене, убивам за тебе**

Најнапнатиот психолошки трилер од Стив Кавана! Договор што не остава простор за грешки. Две жени. Една ноќ и план што менува сè. „Убиваш за мене, убивам за тебе“ – договорот звучи како и насловот на оваа книга.
Авторот на омилените трилери од последните години, „13“ и „Фифти-фифти“, се надмина себеси. Овој психолошки трилер ќе ви го забрза пулсот и ќе ве држи будни до доцна во ноќта. Брилијантен. Морничав. Непредвидлив. Звучи страшно, но зар не треба да биде таков трилерот што не се чита туку се преживува?




~~550~~
**450**




~~500~~
**399**



Мислител што оди кон темните води

## Џанрико Карофиљо
### **Мера на времето**

**ФИНАЛИСТ ЗА НАГРАДАТА *СТРЕГА* ВО 2020 г.**
Напната судска драма од југот на Италија, за спасување на еден млад човек од затвор и од лажното обвинение што може да му го уништи животот.
Во адвокатската канцеларија на Гвидо Гвериери доаѓа Лоренца, сенка на жената со која бил во кратка врска пред триесет години и која била неговото прво големо разочарување во љубовта. Таа сега е самохрана мајка чиј син Јакопо е обвинет за убиство. Неговиот претходен адвокат е починат, па го моли Гвидо да го брани нејзиниот син во жалбената постапка. Наскоро Гвериери сфаќа дека случајот е многу потежок отколку што мислел. Дрога и дилери, прислушување и судири на мафијашките кланови се само дел од елементите кои стануваат важни за понатамошниот развој на заплетот во обидот да се открие вистината.




~~490~~
**350**

# Ју Несбе

*Скандинавскиот крал на детективскиот трилер*






~~500~~
**350**




~~450~~
**350**

## СЕКОЈПАТ ДЛАБОКО НÈ ПОТРЕСУВА ОНА ШТО Е КОНЕЧНО И НЕПОВРАТНО...

Добредојдовте на Островот на стаорците, во пандемиско време во кое богатите чекаат евакуација од врвовите на облакодерите, додека обичните луѓе се борат за опстанок по улиците.

Од дволичност и одмазда до дистописки визии, оваа книга на Ју Несбе ги испреплетува жанровите истражувајќи што ја движи судбината на поединецот – дали има место за љубов, сочувство и правда дури и во екстремни услови на борба за преживување?

Хари Хуле 1




~~500~~ 380

Хари Хуле 2




~~500~~ 399

**Животот на Хари Хуле е необичен**, полн со недостатоци и многу лични падови. Но и покрај сите проблеми, тој никогаш не нè разочарува и секогаш ги решава случаите, без разлика за колку умешен сериски убиец станува збор. Одделението за крвни деликти во Осло не може да се замисли без него, ниту, пак, нашата домашна библиотека во одделот за крими-романи.

**Ју Несбе е еден од најпродаваните норвешки автори.** Денес тој се смета за водечко име на криминалистички романи и трилери во Европа, за автор кој го збогати криминалистичкиот жанр. Преведени на бројни јазици, наградувани и филмувани, неговите книги се продадени во над 50 милиони примероци низ светот.

Хари Хуле 3




~~500~~ 350

Хари Хуле 4




Наскоро

Хари Хуле 5




~~500~~ 380

Хари Хуле 6




~~500~~ 380

Хари Хуле 7




~~500~~ 380

Хари Хуле 8




~~500~~ 399

Хари Хуле 9




~~500~~ 380

Хари Хуле 10




~~500~~ 380

Хари Хуле 11




~~500~~ 380

Хари Хуле 12




~~500~~ 380

# Белетристика*

* Кога сакаш да избегаш од светот









~~690~~
550

## МАГИЧНА ЗИМСКА ПРИКАЗНА СО ХЕРОИНА ОД ВИСТИНСКИОТ ЖИВОТ

Светскиот бестселер беше една од најочекуваните книги минатата година. Базирана врз вистинска приказна!
Главната хероина во овој роман не е само бабица од Мејн што никогаш не изгубила пациент. Марта Балард е поборник за вистината и говорник за правда во време кога жените не можеле да сведочат на суд.
„Замрзнатата река“ е книгата што ќе ти го стопи срцето. Знајте повеќе од тоа што општеството сака да признае. Токму како Марта!
Волшебно привлечен, неодолив за читање со чај и топла покривка. Нешто што ниту еден книгољубец не смее да го пропушти!

” СЕЌАВАЊЕТО Е ЛУКАВА РАБОТА, СЕ КРИВИ И ИЗВРТУВА. НО ХАРТИЈАТА И МАСТИЛОТО ЈА ДОБИВААТ НЕПРИСТРАСНАТА ВИСТИНА. “







~~650~~
**490**




~~500~~
**299**

## МОЌНО И БЕЗ ОТСТАПКИ КОН СЕНТИМЕНТАЛНОСТА!

Веќе е тука најновиот роман на Сали Руни – „Интермецо“! Емотивна шаховска партија меѓу двајца браќа, три жени и еден свет што не знае како да ги прими нивните вистини. Тагата, љубовта, недоразбирањата и надежта – сè е на едно место во приказна што ќе ве натера да се запрашате „Кој е мојот следен чекор?“

Повторно моќно и без отстапки кон сентименталноста, Сали Руни создаде дело што „Паблишерс викли“ го спореди со модернистичките стилови на Џејмс Џојс и Вирџинија Вулф. Интермецо во шахот е неочекуван потег. Направи го својот потег и впушти се во читање на најновиот роман на една од најдобрите современи писателки!

> ДА ПРОНАЈДЕШ ЗНАЧЕЊЕ ВО НЕШТО ТОЛКУ МИНЛИВО КАКО ЖИВОТОТ. ПРЕД ДА ТРЕПНЕШ – ПОМИНАЛ.







~~490~~
**299**

**ОСТАНУВА ВО ТВОЕТО СРЦЕ – ЗАСЕКОГАШ!**

Во градот во кој неонските светилки никогаш не гаснат, а секој агол крие тајна, се раѓа приказна пред која ниеден читател не може да остане рамнодушен. Симфонија од сè што некогаш можеш да замислиш кога читаш за најдлабоките чувства на човечките срца.
Од обична тинејџерка до јапонска принцеза. Пресврт што сите ги возбудува. Да се открие вистината што толку години била закопана. Одеднаш да се најдеш во кралско семејство и чајни церемонии, љубоморни роднини, големи очекувања и... телохранител што веројатно е твојата сродна душа!
Дали нашата хероина ќе подлегне под тежината на круната или ќе ја живее својата бајка среќно до крајот на животот?

> ” ЉУБОВТА МОЖЕ ДА НÈ РАНИ ИСТО ТОЛКУ ЛЕСНО КОЛКУ ШТО МОЖЕ И ДА НÈ ИЗЛЕЧИ. “



Писателот со магично перо

## ШТО АКО НАВИСТИНА ПОСТОИ МЕСТО ВО КОЕ МОЖЕМЕ ДА СЕ ВРАТИМЕ ВО ВРЕМЕТО? ЕДНАШ СЕ УВЕРИВМЕ ДЕКА ПОСТОИ, А СЕГА ПОВТОРНО ВЛЕГУВАМЕ НИЗ НЕОБИЧНАТА ВРАТА ШТО НÈ НОСИ ДО УШТЕ ПОНЕОБИЧНОТО МЕСТО КОЕ Е ВРЕМЕНСКА МАШИНА

Ајде да видиме со какви сè приказни ќе се сретнеме овој пат, за да ја откриеме на крајот суштината – да го живееме секој миг како да нема да се повтори никогаш повеќе. Тошиказу Кавагучи одново нè потсетува зошто е еден од најпознатите автори на денешницата!




~~380~~
280

„ЛУЃЕТО СЕ ПОСРЕЌНИ КОГА ДОАЃА ПРОЛЕТТА, ОСОБЕНО ПО СТУДЕНА ЗИМА. ЈА ЗАБЕЛЕЖУВАМЕ СО ОЧИТЕ, КОЖАТА И СИТЕ СЕТИЛА.“

## ПРЕД ДА СЕ ИЗЛАДИ КАФЕТО

Во мала, споредна уличка во Токио, има едно кафуле кое повеќе од сто години служи внимателно избрано кафе. Но според локалната легенда, ова кафуле нуди и нешто друго освен вкусно кафе — можност за патување во времето.

Во текот на едно лето, четворица муштерии го посетуваат кафулето со надеж дека ќе тргнат на такво патување. Но патувањето низ времето не е толку едноставно, постојат правила што мора да се почитуваат. Најважното е дека тоа патување може да трае само толку колку што му е потребно на кафето да се излади. Срдечен, носталгичен, мистериозен и чудесно оригинален, меѓународниот бестселер на Тошиказу Кавагучи го истражува вечното прашање: што би промениле да имате можност да се вратите во времето?




~~340~~
280



Неодолива во романтичните заплети

## Теса Бејли

# СЕ СЛУЧИ ЕДНО ЛЕТО




~~500~~ 350

Секое лето си има своја приказна. А приказната за летото на кралицата на забавите, Пајпер Белинџер, е толку возбудлива што ќе посакате никогаш да не заврши.
Кога една нејзина дива забава ќе излезе од контрола и таа ќе заврши зад решетки, очувот за казна ја праќа во родното место на нејзините родители. И токму таму, во малото рибарско гратче, ѝ се случува голема емотивна бура со капетанот Брендан.
Токму оваа книга, „Буклист“ ја нарече извонредна и врв на романсите.

„ЉУБОВТА Е СЕКОГАШ ПОВЕЌЕ ОД ДОВОЛНА.“

## Теса Бејли

# Фатени во љубовна мрежа




~~500~~ 350

„Се случи едно лето“ беше летниот хит за 2022 г. и откритие за секој љубител на романсите, но ајде да откриеме што ќе ни се случи сега! Во чија љубов ќе се вљубиме? Теса Бејли може да ги реши сите проблеми на нејзините главни вљубени ликови, но тоа не оди толку лесно. Дали е загарантиран среќниот крај? Откријте во најдобрата романса според „Тик-ток“. Приказната за сестрите Белинџер има одлични оценки на читачките платформи.
Запознајте ги Пајпер и Брендан – толку спротивни што се совршена комбинација за исто толку добра приказна.



Исцелителка на тагата

## Сесилија Ахерн
# П. С. Те сакам

Се сеќавате ли на најголемиот хит од пред неколку години? Не постоеше читател што не беше вљубен во љубовната приказна на „П. С. Те сакам“ од Сесилија Ахерн.
Холи и Гери имаат совршен живот. Живеат во Даблин блиску до семејството и пријателите и уживаат во својата љубов. Но на нејзиниот триесетти роденден, човекот кој ѝ е најдобар пријател, љубовник и сродна душа, ја напушта. Светот застанува, но Гери ѝ вети дека секогаш ќе биде до неа. Го исполнува своето ветување со пораките што ѝ ги пишувал во болницата. Секое писмо е чекор напред во пребродувањето на тагата.




~~500~~
350

„ПАМЕТИ ГИ НАШИТЕ ПРЕКРАСНИ СПОМЕНИ, НО НЕМОЈ ДА СЕ ПЛАШИШ ДА СОЗДАВАШ И НОВИ.“



Кралица на романсите

## ЉУБОВ, ТЕОРЕТСКИ

Али Хејзелвуд веќе има своја голема читателска публика во светот и кај нас. „Љубов, теоретски“, исто како и претходните книги, има рејтинг од 504 030 читатели и над 67 000 осврти.
Совршено четиво за новата животна приказна што ја живееме. Во каква љубовна хемија ќе нè вовлече Али Хејзелвуд овој пат?




~~500~~
350



Авторката која нѐ учи како одново да се вљубиме во животот

## Рафаела Жордано
### Твојот втор живот започнува кога ќе сфатиш дека имаш само еден

Овој роман упорно му пркоси на времето и сѐ повеќе се зацврстува на списокот меѓу најбараните книги. Позитивна приказна од чии страници ќе излезете насмеани. Повеќе од јасно е зошто им е толку драга на нашите читатели. Ја враќа вербата во животот!




~~400~~ 320



Француската миленичка на публиката

## Ањес Мартен-Лиган
### Среќните луѓе читаат и пијат кафе

Сопруга, мајка и сопственичка на кафе-книжарницата „Среќните луѓе читаат и пијат кафе“ во Париз, се чини дека таа има совршен живот. Но кога ненадејно ќе ги изгуби саканиот сопруг и ќерката, одеднаш сѐ застанува.
Изгубена во спомените и во болката, таа повеќе не знае како да живее...




~~320~~ 250



Беспрекорна за заплети

## Мамен Санчез
### Среќа е да пијам чај со тебе

Атикус Крафтсмен, млад британски џентлмен кој работи во семејната издавачка куќа и голем љубител на чајот ерл греј, е задолжен да отпатува во Мадрид за да го згасне тамошното непрофитабилно списание. Неговата редакција ја сочинуваат пет многу сложни жени, кои се подготвени на сѐ само за да не останат без работните места. Кога Атикус необјасниво ќе исчезне во темната внатрешност на Шпанија, сомнението паѓа токму врз нив.




~~450~~ 360







~~350~~ **250**

## СРЦЕТО Е КОМПАС. КОЈА СТРАНА И ДА ТИ ЈА ПОКАЖЕ, ЗНАЈ ДЕКА ТАА Е ПРАВИЛНАТА. ПАТОКАЗ И ВОДИЧ Е, ТОКМУ КАКО И КНИГИТЕ НА ПАУЛО КОЕЛЈО

Запали го огнот во срцето триејќи го прстот од страниците на најпрекрасните книги. Потоа, повикај ги сите ближни луѓе да се стоплат од пламенот што искри. Кога и да почувствуваш дека спласнува, време е за нова книга – за да го распламти.
„Алхемичарот“ е една од најпознатите книги за мудроста, со над 115 светски и значајни награди, преведена на 80 јазици, продадена во над 150 милиони примероци, со гордост го носи епитетот модерна класика. „Единаесет минути“ и „Вероника реши да умре“ се исто така две ремек-дела од авторот.




~~320~~ **250**




~~350~~ **250**

> „НИКОЈ НЕ УСПЕАЛ ДА ПОБЕГНЕ ОД СВОЕТО СРЦЕ. ЗАТОА Е ПОДОБРО ДА СЕ СЛУША ШТО КАЖУВА.“

# Личен развој*

* Кога бараш одговори









~~380~~ **299**




~~380~~ **299**




~~380~~ **299**

## ПРОНИКЛИВИ И КОНЦИЗНИ ВОДИЧИ ВО ЖИВОТОТ!

Оставете ги зад себе сите неостварени планови, сите недокажани зборови, сите непрецизни планови... и свртете нова страница!
Со Тибо Морис досега научивме како да ги владееме своите емоции, а сега преку мотивација и фокус доаѓаме до нашата суштина.
Ако се обидуваш да пресечеш дрво удирајќи го на илјадници различни места, никогаш нема да успееш. Но ако се фокусираш на едно исто место и постојано удираш во него, можеш да го пресечеш и најголемото дрво.
Мотивиран и со остар фокус, секој ум може да постигне сè што ќе посака!







~~450~~
350

**ЗАГАРАНТИРАН УСПЕХ ВО ОТКАЖУВАЊЕТО ОД ПУШЕЊЕТО!**

Знаеш ли дека Ален Кар бил страстен пушач повеќе од 30 години? Во 1983 година, по многу неуспешни обиди, престанал да пуши без никаква мака, без употреба на цврста волја и без да се здебели. Го открил лесниот начин за откажување од пушењето и почнал да го шири низ целиот свет претворајќи го во своја мисија.
Објавена на 40 јазици и продадена во над 14 милиони примероци, оваа книга е светски бестселер токму заради нејзината моќ. Зошто да не ја примениш и ти?
Без разлика од што си зависен, шаблонот е ист – научи се како да имаш целосна контрола врз својот живот и врати си ја слободата!

„СЕКОЈ МОЖЕ ДА СЕ ФАТИ ВО ЗАМКАТА НА ЗАВИСНОСТА.
И СЕКОЈ МОЖЕ ИСТО ТОЛКУ ЛЕСНО ДА СЕ ОСЛОБОДИ ОД НЕА.“



Читачот на мисли

## Патрик Кинг

# Читајте ги луѓето како книга

Ова не е обична книга за говорот на телото и изразите на лицето. Иако ги вклучува сите тие нешта, како и нови техники за успешно разоткривање на лаги и манипулации, „Читајте ги луѓето како книга“ зборува за разбирањето на човечката психологија и природа. Со нејзина помош можеш директно и брзо да се поврзеш со секој човек, за остварување подобра комуникација и соработка. Но притоа ќе ги разбереш и фините сигнали што самите ги праќаме и ќе си ги зголемиш емоционалната и социјалната интелигенција, својата благосостојба и целокупниот живот.




~~320~~
260

> РАЗБЕРИ СЕ СЕБЕСИ ЗА ДА ГИ РАЗБЕРЕШ ДРУГИТЕ!



Патоказ кон смиреноста

## Ник Трентон

# Престанете да размислувате прекумерно

Прекумерното размислување е најголемата причина за несреќа, а и за многу болести. Со него влегувате во еден бескраен циклус на негативни мисли и го преоптоварувате умот со работи што никогаш нема да се случат или да имаат пресудно значење за вашиот живот. Тоа е исцрпувачки процес кој ви предизвикува дополнителен стрес, а не ги решава реалните проблеми. Ник Трентон ни покажува како да влијаеме врз умот за да стекнеме поголема контрола врз своите мисли, да ги разбиеме негативните мисловни модели и да почнеме позитивно да размислуваме.




~~320~~
250



Интересна и неповторлива

## Филипа Пери

# Книга што сакате да ја прочитаат вашите сакани




~~400~~ **320**

Врските, односите и поврзаноста со блиските во голема мера ни го одредуваат животот. Со семејството, партнерите, пријателите, а секако и со самите себе – сите тие се одредници на животната патека. Филипа Пери е одличен водич за подобрување на овие односи. Повеќето од читателите веќе добро го знаат тоа, зашто „Книга што посакувате да ја прочитале вашите родители“ стана апсолутен хит меѓу нив. Ведра и практична, Филипа Пери уште еднаш ни покажува зошто е една од најбараните психотерапевти на светот. Дружејќи се со неа, ќе се уверите зошто читањето е најдобриот начин на кој можеме вистински да се промениме на подобро.

# Книга што посакувате да ја прочитале вашите родители




~~450~~ **340**

Една од најзначајните и најубавите врски во животот е поврзаноста со нашите родители и со нашите деца. Но и покрај тоа, во многу семејства овие врски знаат да тргнат во погрешен правец и многу тешко можат да се вратат во нормалниот тек. Оваа книга зборува токму за тоа – што ни ја отежнува поврзаноста со нашите деца и како да ги зацврстиме своите односи.
Полна со мудрост и совети што се добри за духовното и физичкото здравје на вашето семејство, ова е книгата што посакувате да ја прочитале вашите родители, а на вашите деца ќе им биде мило што вие сте го направиле тоа.



Најдобра придружничка во терапија

## Кристи Тејт
# Група

Врска за која не сме знаеле дека ни е толку потребна сè додека не се најдеме разголени пред оваа книга согледувајќи колку нè чинат чувствата што ги потиснуваме во себе. Време е да ги пуштиме надвор, кон новиот среќен живот. Влезот во новиот, чудесен и застрашувачки свет, во кој Кристи пред непознати луѓе треба да ги исповеда дури и најмрачните тајни, воопшто не е лесен. Но во секој случај е исплатлив. Дај си шанса – можеби токму овој круг од непознати што веќе спасија еден живот, ќе ти помогнат да ја најдеш новата светлина.
Ќе согледаш колку, всушност, нè чинат потиснатите чувства.




~~490~~
**350**



Сè што му е потребно на човека

## Линдзи Гибсон
# Возрасни деца од емоционално незрели родители

Децата не можат да си ги изберат родителите. За жал, многу од нив имаат емоционално незрели родители, а последиците од тоа ги чувствуваат цел живот. Благодарение на клиничкиот психолог Линдзи Гибсон, можеме да се запознаеме со деструктивната природа на односите со родителите и да научиме како да се справиме со нив.
Сите лузни можат да се излечат и од рани да станат двигател кон подобар и посреќен живот. Ако добро знаеш што значи емоционална зрелост, ќе можеш да го најдеш и она што го бараш.




~~450~~
**360**



Суперкомуникаторот со супер совети

## СУПЕРКОМУНИКАТОРОТ ШТО ГИ СПОДЕЛУВА СВОИТЕ ТАЈНИ

Чарлс Дјухиг ни открива различни техники, совети и вештини за успешно движење низ комуникацијата. Богата со одлични студии и базирана врз најсовремени истражувања, оваа книга ќе го смени начинот на кој размислувате и зборувате. Искористете ги овие сознанија, станете суперкомуникатор!
Комуникацијата е суперсила што ни го олеснува животот. Луѓето кои ја владеат знаат како да ги слушаат сложените емоции, суптилните премислувања и длабоките уверувања на соговорникот. Искуствата, вредностите, емоциите, начинот на кој гледаме на себе и на другите, ја обликуваат секоја наша дискусија – од секојдневните разговори, преку сложените задачи на оперативец на ЦИА кој треба да фати шпион, до хирург кој треба да го убеди својот пациент да верува во медицината.




~~600~~ 480



Психологот со влијание врз сечии мисли

## КЛАСИКА ЗА ПСИХОЛОГИЈАТА НА УБЕДУВАЊЕТО И ЗА ПРАВИЛНО КОРИСТЕЊЕ НА НЕЈЗИНАТА МОЌ

Зошто луѓето прифаќаат некои работи, а одбиваат други, и како да се применат овие сфаќања? Роберт Чалдини е психолог што ја инспирира вештината и науката за убедувањето. Неговото ново и проширено издание на „Влијание“ е задолжително четиво за секој кој сака да го разбере процесот на донесување одлуки. Суштинска книга во канонот на психологијата, финансиите и бихевиоралниот маркетинг.
Преку интересни примери од практиката, ќе ги научиш шесте универзални принципи што ќе ти помогнат да станеш ефективен лидер, но и да не паѓаш лесно во замките на убедувачите. Совршен водич за луѓето на кои им е потребна промена што ќе резултира со високи успеси.




~~690~~ 499





Јапонските филозофи што несебично нудат одговори на најсуштествените животни прашања

## Ичиро Кишими и Фумитаке Кога

# Храброста да се биде свој

Со јапонскиот феномен в раце ќе се научиш како да го живееш сопствениот живот на свој начин. Ако не, тогаш кој ќе го живее за тебе? Искористи ги техниките и теориите на Алфред Адлер, еден од најбрилијантните умови во психологијата. Во оваа книга необичниот филозоф му помага на едно момче да сфати дека секој човек сам ја одредува насоката на својот живот. Така и ти ќе се ослободиш од оковите на минатото и од очекувањата на другите – овој идеал ги предизвикува социјалните норми што ги живееме и за кои сме убедени дека се вообичаени. Потребна е храброст да се ослободиме од нив и да сфатиме дека секој од нас има своја улога во светот. А ние веќе ја поседуваме таа храброст во себе, треба само да ја разбудиме.




~~450~~
340



Човекот што знае да го отплетка јазолот

## ДЕНЕС РЕЧИСИ СÈ СЕ ПОДВЕДУВА ПОД АНКСИОЗНОСТ, ОД ВОЗНЕМИРЕНОСТ ДО ПАНИКА

Таа поттикнува низа зависни однесувања, од прекумерно јадење до неразумно користење на социјалните мрежи. Д-р Бруер нè учи да го мапираме својот мозок за да ги откриеме нејзините предизвикувачи, да ги смириме со едноставната и моќна практика на љубопитност и да ја надминеме користејќи свесност и други докажани алатки.
Со над 20-годишни истражувања и практична работа со илјадници пациенти за надминување на анксиозноста, д-р Бруер создал потврдена програма погодна за секој од нас – за да можеме вистински да го живееме животот.




~~500~~
350



Адмирал со практични совети

## Вилијам Х. Мекрејвен

# Намести си го креветот

За да си го наместиш креветот наутро – ти треба лична дисциплина. Но за да оствариш многу повеќе, потребна е колективна дисциплина и свесност за заедништво. „Намести си го креветот“ од Вилијам Х. Мекрејвен е книга за секој од нас. Почнувајќи од малите остварени цели, ние сме тие што можеме да го промени светот. „Не можете сами да веслате во чамецот. Најдете некој со когошто ќе го споделите животот. Имајте колку што е можно повеќе пријатели, и никогаш не заборавајте дека вашиот успех зависи од другите.“




~~250~~ **199**



Популарниот гуру за (себе)љубов

## Векс Кинг

# Добри вибрации, добар живот

Примени ги советите на Векс Кинг што милионите следбеници на неговата инстаграм-страница ги применуваат. Со оваа книга Векс Кинг направи бум во светот, но и кај нас. Читај ја една од најпродаваните книги за 2022 година и научи се да даваш и да шириш љубов. Продадена во над 500 000 примероци низ светот, бестселерот на *Сандеј тајмс* ќе ти докаже зошто Векс Кинг наеднаш стана толку популарен.
По читањето ќе застанеш пред огледалото и ќе посакаш да се прегрнеш!




~~500~~ **360**

> „ЉУБОВТА КОН СЕБЕ Е БАЛАСИРАЊЕ МЕЃУ ПРИФАЌАЊЕТО НА СЕБЕСИ ОНАКВИ КАКВИ ШТО СТЕ, ИАКО ЗНАЕТЕ ДЕКА ЗАСЛУЖУВАТЕ ПОДОБРО, И РАБОТЕЊЕТО ДА ГО ПОСТИГНЕТЕ ТОА.“



# Џордан Питерсон

*Најконтроверзниот современ интелектуалец*




~~500~~ **380**




~~550~~ **420**

**ЕДЕН ПСИХОЛОГ, 12 ТАЈНИ НА МИСЛАТА И 12 ЧЕКОРИ ЗА ИЗЛЕЗ ОД ХАОСОТ. ЏОРДАН ПИТЕРСОН ГИ РЕШАВА ЗАГАТКИТЕ НА КРИТИЧКИОТ УМ**

Преголемата безбедност е опасна – затоа спротивстави ѝ се на желбата да го доведеш светот во совршен ред. Потпри се на самиот себе, а како водилка нека ти служат животните правила.
Замисли си каква личност сакаш да станеш, а потоа решително работи да го оствариш тоа. Книгите на Питерсон ќе те одведат до таа точка на постоење. Промислувај ги искуствата за да ги решиш дилемите и одново да ја осмислиш својата сегашност. Единствениот со кој треба да се споредуваш е оној кој си бил вчера.

> „ОДНЕСУВАЈ СЕ КОН СЕБЕСИ КАКО КОН НЕКОГО КОМУШТО СИ ОДГОВОРЕН ДА МУ ПОМОГНЕШ.“




~~780~~
**660**

ФИНАНСИИТЕ ВО ГОЛЕМА МЕРА ГОСПОДАРАТ СО НАШИОТ ЖИВОТ. ДОКОЛКУ ДОБРО ГИ РАКОВОДИМЕ, ЌЕ ИМАМЕ И МНОГУ ПОГОЛЕМА КОНТРОЛА ВРЗ НЕГО. ОВОЈ ФИНАНСИСКИ ПЛАНЕР ЌЕ ТИ ПОМОГНЕ ДА ЈА ОСТВАРИШ ТАА ЦЕЛ.









~~450~~ 350




~~500~~ 380

**РОБЕРТ КИОСАКИ ЈА ИМАЛ ЕДИНСТВЕНАТА ШАНСА ДА ГИ ОТКРИЕ ВИСТИНСКИТЕ ОДГОВОРИ УШТЕ ВО СВОЕТО НАЈРАНО ДЕТСТВО, И ТОА ОД ДВЕ СОСЕМА РАЗЛИЧНИ ПЕРСПЕКТИВИ – ОД БОГАТИОТ И ОД СИРОМАШНИОТ ТАТКО**

„Богат татко, сиромашен татко“ е лична финансиска перспектива за целосно преиспитување на тоа како функционираат парите. „Богато дете, паметно дете“ е книга за сите родители кои сакаат да им дадат добра финансиска основа на своите деца подготвувајќи ги за современиот свет на брзи промени. „Квадрантот на протокот на парите“, пак, ќе ти открие многу работи што не се учат во школо: зошто некои луѓе помалку работат, а повеќе заработуваат, плаќаат пониски даноци и се финансиски посигурни од другите. Тајната е во тоа да научиш од кој квадрант да се дејствува и кога.



Разоткривач
на најголемите
бизнис-тајни

## Морган Хаусел
# Психологија на парите

Морган Хаусел истапи храбро и ги кажа тајните на успехот за кои никој претходно не сакаше да зборува. „Психологија на парите“ е негова најпозната книга која со своите 19 поглавја ги истражува невообичаените ставови што луѓето ги имаат за едно од најважните животни прашања. Продадена во над 6 милион примероци и преведена на 50 јазици, по своето објавување таа и кај нас доживеа голем успех. Исто како и луѓето кои ја прочитаа.




~~500~~ 380

„УМЕШНОСТА СО ПАРИТЕ ЗАВИСИ МНОГУ ПОВЕЌЕ ОД НАЧИНОТ НА КОЈ СЕ ОДНЕСУВАМЕ ОТКОЛКУ ОД НАШАТА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА. А ОДНЕСУВАЊЕТО ТЕШКО СЕ УЧИ, ШТО ВАЖИ ДУРИ И ЗА НАЈПАМЕТНИТЕ ЛУЃЕ.“



Финансиски експерт

## Никола Миланов
# Како размислуваат парите

Финансиската дисциплина има клучна улога во успешното раководење со сопствените пари. Но луѓето најчесто постапуваат водени од чувствата, па инвестираат емоционално и трошат по навика... Откријте „Како размислуваат парите“. Раководете разумно со своите пари избегнувајќи ги емотивните финансиски одлуки и не колебајте се пред ризиците – никогаш не е доцна да ја преземете контролата врз сопствената финансиска иднина.
Со практични совети и споделени искуства, авторот успешно нѐ води низ непредвидливите заплети на заработката, заштедата, трошоците и инвестирањето.




~~450~~ 390



Историчар и визионер

## Јувал Ноа Харари
# Сапиенс

„Сапиенс" е интернационален бестселер објавен на над 30 јазици низ целиот свет. Во неа д-р Харари ја опфаќа целата човечка историја, од првите луѓе на Земјата до радикалните – а понекогаш и катастрофални – достигнувања на когнитивната, земјоделската и научната револуција. Врз основа на согледувањата од биологијата, антропологијата, палеонтологијата и економијата, тој истражува како струите на историјата ги обликуваат човечките општества и нашите личности. Храбра, опсежна и провокативна, оваа книга предизвикува сè што досега мислевме дека знаеме за тоа што значи да се биде човек: нашите мисли, дејства, моќ... и нашата иднина.




~~550~~
**399**

> ПРАШАЊАТА ШТО НЕ МОЖЕШ ДА ГИ ОДГОВОРИШ НАЈЧЕСТО СЕ МНОГУ ПОДОБРИ ОД ОДГОВОРИТЕ КОИ НЕМААТ ПРАШАЊА.



Авторката што ќе ве научи како да ја преземете одговорноста за својот живот во свои раце

## Џенет Рејнвотер
# Бидете свој психотерапевт

Секое време е одлично време за да научите како да бидете свој психотерапевт! На секој саем или фестивал на книгата од читателите слушаме дека оваа книга им помогнала во различни области во животот. Зошто да не ви помогне и вам? Преку различни вежби и теориски објаснувања, со зголемувањето на свеста за самите себе, таа постепено ќе ве приближи кон самите вас.
Првиот чекор кон себетерапија започнува со читањето на оваа книга!




~~340~~
**280**




Современи стоици

## КОЈ НЕ СЕ ЗАПРАШАЛ СЕБЕСИ КОЈ Е НАЈСИГУРНИОТ ПАТ ДО СРЕЌЕН И ИСПОЛНЕТ ЖИВОТ?

Одговорот ни го даваат филозофите чија непресушна мудрост и денес им помага на многумина да се остварат себеси.
Три книги со неисцрпна мудрост на која секојдневно можеме (и треба) да се потпираме се трите бестселери на Јана Капри и Чаран Дијаз. Базирани врз книгите на Марко Аурелиј, Сенека и Епиктет, овие двајца автори ни нудат практични одговори на прашањата што го мачат секојдневниот човек денес. Големите стоици уште одамна ги решиле загатките. Што би ти кажале тие на твоите проблеми почнувајќи од твојата неуредна соба, па сè до неможноста да го пронајдеш својот внатрешен мир?
Време е за позитивни мисли и правилни одлуки!




~~280~~ 199




~~280~~ 199



Креативецот

## Стивен Пресфилд

## Војната на уметноста

„Војната на уметноста“ од Стивен Пресфилд е докажан водич за целосно искористување на творечката енергија. Ако знаеш како да ја насочиш, со храброст, следејќи ја вистинската формула и напорно работејќи, страста може да се претвори во цел. Без разлика дали си писател или бизнисмен, оваа книга ќе те инспирира да го искористиш целосно потенцијалот на својот живот за да оставиш траен белег во своето постоење.




~~300~~ 199



Познавачката на добрата комуникација

## Лил Лаундес
# Како да разговарате со секого

Практичен водич кој ќе ти помогне да ја совладаш уметноста на меѓучовечката комуникација, да оставиш одличен прв впечаток и да ги натераш луѓето да се чувствуваат удобно во твое друштво. Оваа книга ти нуди 92 „трика“ како да станеш подобар соговорник и да ги усовршиш своите друштвени односи. Таа ќе те научи како да го читаш говорот на телото, кои клучни зборови да ги употребуваш, ти покажува техники за успешен разговор по телефон и најразлични тактики кои ќе ти помогнат во различни животни ситуации.




~~500~~
**380**



Махер за откривање на однесувањата

## Џо Наваро
# Што кажува секое тело

Џо Наваро, наречен „ловец на шпиони“ и „човечки детектор за лаги“, ни открива многу примери од своето професионално искуство покажувајќи ни како да ги разбираме мислите и намерите на луѓето, да ги откриваме и дешифрираме нивните невербални реакции за да можеме поуспешно да комуницираме со нив. За работа или за задоволство, „Што кажува секое“ тело нуди моќно знаење што го збогатува и унапредува животот. Прочитајте ја оваа книга и развијте ја својата невербална интелигенција. Џо Наваро, поранешен агент на ФБИ и стручњак за невербална комуникација, објаснува како брзо и ефикасно да ги „прочитате“ луѓето: да им ги одгатнете чувствата и мислите, да препознаете кога ве лажат и да ги избегнете скриените замки.




~~400~~
**299**







~~280~~
240

~~280~~
220

**НА ЧОВЕК МОЖЕ ДА МУ СЕ ОДЗЕМЕ СÈ, САМО НЕ И СЛОБОДАТА ДА ГО ИЗБЕРЕ СОПСТВЕНИОТ ПАТ**

Мемоарите на Виктор Франкл за излегувањето од вителот на страдањето влијаеја врз многу генерации со описите на животот во концентрационите логори на нацистичка Германија и со поуките за душевен спас и преживување. Врз основа на личните и на искуствата на другите луѓе што почнува да ги лекува веднаш по завршувањето на војната, Франкл ја развива психотерапевтската школа логотерапија. Тој објаснува дека не можеме да го избегнеме страдањето, но можеме да избереме како да го надминеме и да најдеме смисла во него. Зашто постоењето е можно само кога ќе ги зачуваме човечкото достоинство и смислата на животот.
Една од десетте книги што има извршено најголемо влијание врз читателите во светот.

„ПОСИЛНА ОД СУДБИНАТА Е ХРАБРОСТА СО КОЈА ТАА НЕПОКОЛЕБЛИВО СЕ ПОДНЕСУВА.“




300

## Марко Аурелиј
# Медитации

Напишана на старогрчки јазик, без никаква намера некогаш да биде објавена, „Медитации“ е извонредна книга филозофско-интроспективни записи за разбирањето на себеси, функционирањето на светот и универзумот.

Со овие текстови, кои имаат цел да дадат лична утеха и да бидат охрабрување за водење едноставен живот проникнат со скромност, љубов кон луѓето и моралноста, Марко Аурелиј создава едно од најголемите филозофски дела на сите времиња.
Книга на која ѝ се восхитуваат и од која се инспирираат државници, мислители и читатели низ целиот свет, ризница на мудрости во потрагата по смислата на животот.

## Епиктет
# Прирачник за доблесно живеење

Стоиците ја имаат откриено тајната на среќата. Се поврзува со постигнување на она што е добро и доблесно, а со избегнување на она што е лошо. Со „Прирачник за доблесно живеење“ на Епиктет ќе го најдете клучот што ги отвора сите врати кои водат до градината во која цвета среќата.
Мудроста се постигнува преку искуство, а учењето преку примери. Така учел Епиктет, а благодарение на неговиот „Прирачник“ ние денес можеме да ги применуваме безвременските совети и лекции во секоја сфера од секојдневниот живот.
Човек треба само да биде доволно храбар за да ја исчита оваа книга и да почне да ги прифаќа предизвиците. Да ја продолжиме неговата мисија и да стигнеме до доблеста, како највисока човечка вредност!




250







~~400~~
299




~~320~~
250

## ПИОНЕР ВО ОБЛАСТА НА САМОПОДОБРУВАЊЕТО КОЈ ПРОНИКНУВА ДЛАБОКО ВО ЧОВЕКОВАТА ПРИРОДА ИЗВЛЕКУВАЈЌИ ГО НАЈДОБОРО ОД СЕКОЈА ЛИЧНОСТ

Не е случајно што Дејл Карнеги е еден од најбараните автори за личен развој во нашите книжарници. А оние што еднаш ги примениле неговите совети, секогаш се враќаат по нови животни откритија. Карнеги живеел по принципот дека во светот нема лоши луѓе. Постојат само непријатни околности што лесно можат да се изменат. Комуникацијата е патот до успехот. Отвори ги книгите и научи се како да живееш според принципот на еден од најуспешните луѓе на светот!

*Лидерот кој ги менува животите на милиони луѓе*



Еден од првите и најпопуларни разоткривачи на потсвеста

# Џозеф Марфи
## Ослободување на моќта на потсвеста

„Моќта на потсвеста“ од Џозеф Марфи е еден од најголемите светски бестселери на сите времиња, а по самото свое објавување на македонски јазик и една од најбараните книги од областа на популарната психологија на ТРИ. Мотото на луѓето кои ги следат Марфиевите принципи гласи: „Во животот го добиваш она во што веруваш“. Ослободи ја моќта на својата потсвест и верувај во книгата, и таа ќе ти помогне да ги освоиш сите врвови. Најуспешни не се оние луѓе кои мечтаат за подобра реалност, туку оние кои ја создаваат.




~~450~~ 320




~~400~~ 360

ПРОМЕНАТА СЕ СЛУЧУВА ВО МИГОТ КОГА СТРАДАЊЕТО ОД ЗАДРЖУВАЊЕТО Е ПОГОЛЕМО ОД СТРАВОТ ДА ГИ ПУШТИШ ЈАЖИЊАТА.



Баснописецот за возрасни

# Спенсер Џонсон
## Излез од лавиринтот

Меѓународниот бестселер на Спенсер Џонсон е продаден во околу 30 милиони примероци и со секоја следна година го потврдува својот епитет на класика. Заедно со „Кој го здипли моето сирење?“, во овие современи басни за постигнување големи успеси, ги има сите правила што треба да ги следиш за да излезеш од лавиринтот како успешен човек. Овие две книги се водичи за пронаоѓање на вистинската цел во животот, но и ризница на совети за справување со проблемите и приспособување на промените.




~~320~~ 250




499

## ПланУм за среден ум

Бараш извор на инспирација за да ги унапредиш личните потенцијали? „ПланУМ" е вистинскиот избор за тебе! Таму ќе најдеш личен простор за сите свои идеи, мисли, состаноци, средби, забелешки, цртежи, цели, соништа... сè што ќе ти падне на УМ.

Времето поминува, но не се менува. Се менува само нашата моќ за усогласување на личната визија со нашиот животен тек. Ако имаш визија и тежнееш да ја оствариш, овој „ПланУМ" ти е и повеќе од потребен.

За да ги оствариш големите цели, мораш да почнеш од малите промени!



Џин во светот на успехот

## Џордан Белфорт
# Начинот на волкот од Волстрит




~~450~~
340

Контроверзниот Џордан Белфорт ексклузивно ни го отвора својот свет и ни нуди увид во сопствениот Систем на права линија – со чија помош успеа да создаде огромно богатство за себе и за своите клиенти. Луѓе што никогаш не оствариле успех, одненадеж постигнуваат нешта за кои не ни сонувале дека се можни, и живеат многу поповластен живот отколку што си замислувале. А сето тоа почнува со усовршување на уметноста на убедувањето, со помош на Системот на права линија.



Балкански гуру

## Смиљан Мори
# Дали финансиите се навистина (такво) страшило




~~600~~
450

Смиљан Мори, еден од најголемите мотивациски гуруа на Балканот, е препознатлив по тоа што успеал да се ослободи од вкоренетите уверувања, значајно да си го подобри животот и да стане успешен претприемач, автор и мотивациски говорник. Во своите книги тој нуди искрени приказни и неверојатни откритија што им помогнале на илјадници луѓе да го живеат животот од соништата. Ако сакаш да станеш господар на својата судбина и на своите финансии, ова е вистинската книга за тебе!
Ќе научиш како правилно да управуваш со парите, како да престанеш да се вртиш во маѓепсаниот круг на вечен недостиг и да создадеш златна резерва која ќе ти овозможи да си дозволиш сѐ што посакуваш!



# Станислав Петковски-Сашо




~~350~~ 250




~~400~~ 320

## ПИОНЕР ВО ОБЛАСТА НА ТРАНСАКЦИСКАТА АНАЛИЗА И ДОЛГОГОДИШЕН ИСТРАЖУВАЧ НИЗ РЕАЛНИ РОДИТЕЛСКИ ИСКУСТВА, ЕДЕН ОД НАЈПОЗНАТИТЕ ДОМАШНИ ЕКСПЕРТИ ВО ОБЛАСТА

Неговите книги се незаменливи советници за комуникација и за воспоставување на позитивни односи со вашите деца. Со темелна и издржана експертиза, авторот ја обработува секоја тема со големо внимание.

Добрата комуникација е основниот услов за воспоставување здрави односи со луѓето.

Со „Интерперсонални комуникациски вештини“ ќе научиш како да изградиш победнички односи со светот околу себе, а со „Оружјата на критичкиот родител“ ќе откриеш како да ја користиш опасната алатка која се нарекува родителски збор!

> ЧОВЕКОТ Е ОПШТЕСТВЕНО СУШТЕСТВО И КОМУНИКАЦИЈАТА МУ Е НЕОПХОДНА ВО ОСТВАРУВАЊЕ НА НЕГОВИОТ ИДЕНТИТЕТ.







~~450~~
**399**

**ТИНЕЈЏЕРСКИОТ ПЕРИОД Е ЕДЕН ОД НАЈБУРНИТЕ ВО ЖИВОТОТ – И ЗА САМИТЕ ТИНЕЈЏЕРИ И ЗА НИВНИТЕ РОДИТЕЛИ.**

Оваа книга е отворен разговор, без маски и филтри, без шминка и глума, за она што често се премолчува, зашто вистината е најдобриот патоказ за тоа разбранувано, но прекрасно време. Со својата психијатриска стручност, д-р Камелија Симеонова ни помага да ги најдеме најдобрите решенија за болните случувања во животот на нашите деца и заедно да ги надминеме градејќи ја нивната самодоверба и потврдувајќи ги како личности.

Притоа, важно е да не се заборавите и себеси, драги родители – наместо да се претворите во жртва, одвојте време за секојдневни ритуали што ви ја враќаат рамнотежата и ви го зацврстуваат идентитетот. Мали сидра што сигурно ќе го држат заедничкиот семеен брод и во најголемите бури среде чудесниот период на тинејџерството.

„НÈ УЧАТ ДЕКА СИЛАТА ЗНАЧИ ИСПРАВЕНОСТ, ОТПОРНОСТ, НЕДОПИРЛИВОСТ. НО ВИСТИНАТА Е ПОИНАКВА – СИЛАТА Е ВО ОНИЕ КОИ УМЕАТ ДА СЕ ПРЕКЛОПАТ БЕЗ ДА СЕ СКРШАТ.“



Свесни сонувачи
и најаве

## Катерина Ангеловска
## Радован Витошевиќ
# Будење на свеста




~~400~~
320

Поттикот за будење на свеста на авторите Катерина Ангеловска и Радован Витошевиќ е поттик за лична и духовна преобразба, за да се биде најдобрата верзија од себеси, но и за колективно менување на нашиот светоглед. Бидете и вие отворени за будење и исцелување на својот свет, а со тоа и на нашиот заеднички свет!
Оваа книга е авантура испреплетена со универзални знаења што ќе ви овозможат вистински да се спознаете себеси, ако сакате да проникнете во длабочините на сопствената верба и да си го промените животот. Има една возвишена цел на животот, а таа е да си ја разбудиме свеста.



Будителот на целосниот
човечки потенцијал

## Хал Елрод
# Чудесното утро




~~400~~
320

Генијалниот Хал Елрод ни претставува шест навики кои ќе ни го променат животот овозможувајќи ни да го постигнеме својот целосен потенцијал. „Чудесното утро“ е единственото нешто што може да внесе длабоки промени со практикување на едноставниот утрински ритуал за самоподобрување – развој на менталните, психичките и физичките карактеристики – и кој ќе ве исполни со повеќе енергија, мотивација и сосредоточеност.
Нова тајна за исполнет живот. Оној кој ја открил знае! Штом еднаш ќе го разбудиш својот целосен потенцијал, потоа ништо не може да те сопре!



Автор на најпродаваниот „Водич за долговечност“

## Александар Митов
# Преплетени со природата




~~400~~ **350**

Како цивилизација отидовме во многу крајности – прекинавме да допираме земја со голи раце, да одиме по почвата со боси нозе, да спиеме во целосен мрак и тишина, да јадеме необработена храна, да се движиме... Дојдовме дури дотаму да си ги броиме чекорите!

Не мораме да знаеме еден куп научни податоци за да живееме правилно и здраво, зашто сме испреплетени со сите нишки на природата и интуитивно знаеме како треба и како сакаме да живееме.
Со своето богато практично искуство како доктор на медицина, магистер по јавно здравје и влијанијата на животната средина врз здравјето, д-р Митов со оваа своја книга ветува дека ќе ни ги промени светогледите, а со тоа и начинот на живеење.



Вистинска инспирација

## Маја Волк
# Како стекнав трајно здравје




~~400~~ **320**

Книга полна со здравје, и физичко и духовно, со спокој и душевен мир. Напишана од жената која не се плаши од животот и која ја најде формулата за победа над болеста со помош на природата. Иако работи како сценаристка, музичарка и професорка, оваа книга ја посветува на здравјето отворено раскажувајќи како таа го победи ракот.
Тргнувајќи од своето секојдневие, со своите совети и охрабрувања, таа успеа да го смени и секојдневието на многумина. Промените што се случуваат внатре се видливи и надвор. Запознавајќи ја и слушајќи ѝ го гласот, ќе се инспирираме да се избориме за себе враќајќи им се на корените.

# Франсеск Миралјес






~~320~~ 250

## ДА СЕ ИЗГУБИШ ЗА ДА МОЖЕШ ДА СЕ НАЈДЕШ – ТОА Е УМЕТНОСТА НА ПОСТОЕЊЕТО

Со книгите на Миралјес, прво ќе талкате по шумите на неизвесноста, но на крајот ќе дојдете до прекрасни заклучоци. „Намасте“, „Ичиго-ичие“, „Икигаи“ или „Ваби-саби“, сите во себе ги чуваат древните тајни на постоењето. Вкуси го секој миг. Секој момент е како капка вода на дланка. Ако не се грижиме доволно може да ни се лизне од рака и да ја загубиме засекогаш. Во тоа е суштината на ичиго-ичие. Во меѓувреме, пронајди го своето икигаи – една нова култура на живеењето. И сето ова за да му кажеш „Намасте“ и да го поздравиш својот живот.

За да го одгатнеш значењето, потребно е некој да ти ги објасни знаците, а потоа да се впуштиш во декодирање.

Најди ги одговорите во овие книги!




~~320~~ 250




~~420~~ 320

# Стела и Сани*

* Кога пријателството е чудесно



НОВО



~~590~~ 499

# КУКЛИ – СТЕЛА И САНИ

Куклите Стела и Сани се твоите нови пријателчиња – засекогаш! Можат да ти бидат придружба во сè – за игри во паркот и дома, за спиење и сонување.

Ова беше за децата. А она што треба да го знаете вие, драги родители, е дека секоја кукла е изработена со внимание и љубов. Топла и безбедна, совршена придружничка за секој ден и за секоја авантура. Разубавете им го денот, збогатете им го животот. Пријателството се учи од најмали нозе, а грижата за нашите најмили се покажува



# Едиција
# Моите први сликовници

Светот е поинтересен кога го гледаш со љубопитни очи. Едиција Стела и Сани во која секоја страница е ново прашања, нова авантура и ново знаење.




~~300~~ 250




~~200~~ 160




~~200~~ 170




~~200~~ 170

~~200~~ 170

~~200~~ 170

Приказна по приказна, сликовница
по сликовница, растеме, откриваме и
разбираме. Со Стела и Сани кон свет полн
со идеи, одговори и соништа.

Едиција
# Моите први измислени пријатели




~~250~~ 200




~~250~~ 200




~~250~~ 200




~~250~~ 200




~~250~~ 200

## Сложувалка роденден




~~450~~ 350

## Сложувалка бројки




~~450~~ 350

## Картички „азбука“




~~299~~ 250

## Сложувалка азбука




~~450~~ 350

## Боенки




200

200




~~500~~ 320

# Домашна книжевна сцена*

* Кога домот го бараш во книга



## „ВО НАШИОТ БУЧЕН СВЕТ ВО КОЈ НИКОГАШ НИШТО НЕ ЗАСТАНУВА, ЗА ВРЕМЕ НА ПАНДЕМИЈАТА ЗА ПРВПАТ НОЌЕ ЗАМИРАШЕ СÈ.“

„Во тивка самотна ноќ“ е несекојдневна книга по многу нешта. Таа е збирка лични приказни од едно тегобно време што донесе драматични промени во нашите животи. Време кога се боревме со реални и метафорични вируси, кога го бранevме својот личен простор од неговото сè понападно ограничување. Меѓутоа тој чуден период истовремено ни донесе и ретка можност да останеме сами со себе и да ја слушнеме тишината. И во таа тишина да си ги слушнеме мислите, да се нурнеме во сеќавањата, да се видиме и себеси и околниот свет од една сосема поинаква перспектива.




~~300~~
260

## АНТОЛОГИЈА НА МАКЕДОНСКАТА ПОЕЗИЈА ЗА КОПНЕЖОТ

Македонската поетеса Виолета Танчева-Златева со месеци ја истражуваше македонската поетска реч, од нејзините почетоци до денес, и внимателно ги избираше песните што сега ги читаме во оваа поетска збирка за копнежот.
„Песната е рожба на копнежот. Како предуслов за самиот чин на создавање, тој не е немаштија, туку е наше внатрешно азно од чија полнотија претекуваат стихови што сакаат да ја пополнат празнината давајќи му смисла на самиот живот“, вели таа во поговорот.
Во чии стихови и да се нурнете, ќе копнеете по уште. Таков е копнежот. Тој е како пердув што ја носи целата душа.




~~400~~
320

## ПОСТОЈАТ КНИГИ ШТО САМИ ПО СЕБЕ ИНСИСТИРААТ ДА ТИ ГО ПРОМЕНАТ ЖИВОТОТ. ДА СЕ ОБЛОЖИМЕ ДЕКА Е ТАКА?

Некои книги не бараат дозвола. Директно ги пречекоруваат границите им ги поставуваат физичките примероци на книгите и влегуваат во твојата мисла. „Облогот“ не е книгата што ќе сакаш да ја прочиташ во еден здив или за една ноќ. Таа е од оние книги на кои им се враќаме и се преиспитуваме.
Станка Бајлозова-Барламова е книжевен глас што веќе го најде домот во срцата на читателите. Сега продолжува да го продлабочува својот пат. „Но и кога е влажна пепелта, искрата ќе си го најде патот за да ја потпали повторно жарта.“




~~350~~
300



Роман за храброста, љубовта и новите почетоци

## Тања Русу
### Пред да се порамнат ѕвездите

Тања Русу е ново име на домашната книжевна сцена. Но благодарение на животното искуство и читањето, таа напиша одличен роман за храброста и љубовта, за загубата и нејзиното надминување.
Во свет во кој премолчувањето се наградува, а вистината се казнува, љубовта на Ела кон Адонис е единствената сила што ја тера да оди против сите.




300



Поетот кој не бега од стварноста

## Ристо Лазаров
### Метаверзум

Лазаров е поет кој не бега од стварноста, туку живее во неа, престојува буквално „in medias res“ на денешната апокалиптична верзија на светот во чиешто *затемнето видно поле... вирее само производството на хаос*. Неговата поезија е „бодликава“ – брутално искрена и веродостојна, директна и транспарентна, храбра и ангажирана во најубавата смисла!

*Лидија Капушевска-Дракулевска*




250



Некои романи се носат во тишина, како семе во земја

## Ирена Јурчева
### Ќе помине и моќта

Ирена Јурчева излезе од улогата на преведувачка и создаде свој, неверојатно магичен свет во потрага по чудната дарба на младичот Адријан. Добредојде во тишината во која, како семе во земја, се кријат нешта што луѓето не можат да ги разберат. Уживај во романот за наглото созревање среде светот што се распаѓа, за необичната моќ што го обележува животот, и самата осудена да помине.




~~450~~
380



Надреалистот на домашната сцена

## Димитар Арнаудов
## Надреалисти

Влезница во новиот постмодерен надреализам! Димитар Арнаудов напиша мотивски разгранети, меланхолични, сомнабулни и енигматични раскази. Во нив лебдат измешани мирисите на минатото, сегашноста и иднината. Влези во овој надреален, а сепак вистински свет.




~~280~~
199



Бескрајно необичен!

## Јордан Николов
## Промилите на Конзулвил

Оригинално и необично! Овој роман е редок пример на македонската книжевна сцена што носи отрезнувачка мисла. Необичен? Шокантен? Збунувачки? Целосно да.
Бори се со него за спас на книгите и плочите!




~~300~~
199



Ново уметничко име на сцената

## Васја Мицковски
## Сета боја зад црнината

Раскажан во прво лице еднина, овој роман е посветен на уметноста во време кога е осудена на прогон, кога се смета за „луксуз“ и не е сигурно дека ќе опстои дури и во музеите, тие ризници на спомените. Изложувајќи се на бесот на протестантите поради својот бунтовен новинарски напис во заштита на уметноста, Фјодор мора да го спасува голиот живот. Златно камче во мозаикот на уметноста, единствената која може да го победи времето.




~~400~~
320



Проследувач на транзицијата – на општеството и на душата

## Ивица Челиковиќ

# Повратник со две лица




~~280~~
**250**

„Повратник со две лица“ е седмо прозно дело од Челиковиќ, сосредоточено на темите што често ги среќаваме во неговото писмо – отуѓеноста, прашањето за сопствениот идентитет, растргнатоста меѓу себе и другите, она што сме и она што сакаме да бидеме. Умешно исткаена приказна за сеќавањето, за помирувањето со загубата и простувањето, за вечната потреба да се најде светлина во темнината. Со мајсторско испреплетување на реалноста и сонот, на минатото и сегашноста, Челиковиќ создава роман што отвора сериозни морални и филозофски дилеми.

> ” Судбината на заборавените очекувања никогаш целосно не нè напушта. “



## Патриша Марш-Стефановска

# Наспроти мојата животна филозофија




~~350~~
**299**

Оваа книга нуди поглед во нешто многу поголемо и подлабоко од нашата секојдневна реалност и широко ја отвора вратата кон тој свет. Книга што бара надминување на предрасудите и тесноградото размислување надвор од границите на видливото, што ги шири хоризонтите и нè потсетува дека светот е многу повеќе од она што го гледаме. Секој човек во својот живот доживува работи што го надминуваат „познатото“ и „разумното“ гледање на нештата. Кој пат ќе го одберете вие читајќи ја Патриша Марш?







~~450~~
380

## ОД НАШИОТ НЕЗАМЕНЛИВ ПРИЈАТЕЛ ЗА СИТЕ ПРИЈАТЕЛИ

Приказните на Игор Џамбазов доживеаја ново реиздание. Напишани со отворено срце и остар јазик, во неговите книги може да се препознае секој.
Тие се едно вистинско книжевно шоу сместено меѓу корици, во кои Игор нè учи дека еднаш се умира, а секој ден се живее. „Гол човек“ и „Облечен човек“ важат за едни од најчитаните книги во нашите книжарници, кои остануваат со нас долго по последната прочитана страница.
Хумор што знае да боцне, збор што знае да утеши, приказни што не се само раскажани, туку и доживеани. Затоа и лесно стануваат блиски, како разговор со пријател што секогаш знае што треба да ти каже.




~~450~~
380




~~399~~
290

„НЕ Е ДОВОЛНО САМО ДА СИ ПРИЗНАЕШ. НЕ Е ДОВОЛНА ИСКРЕНОСТА САМО КОН СЕБЕ. ПОВАЖНА Е ИСКРЕНОСТА КОН ДРУГИТЕ.“



Авторка на повеќeслојност во литературата

## Јагода Михајловска-Георгиева

### Манастир Фуентерабија







Што спие во ќелиите на душите? Кога Тој и Таа се сретнуваат, заедничка им е само длабоката празнина во себе. Преку неа се препознаваат крај Океанот. И тогаш се случува она по кое сите трагаме. Одговори на вечните прашања и скротување на копнежот што гребе во сечија душа. Оваа книга ја доби наградата „Стале Попов“ за најдобро прозно дело објавено во 2017 година. А Јагода Михајловска-Георгиева е закитена и со многу други награди. Со својата раскажувачка магија, таа е неизбежна авторка за секој македонски читател.



Бунтовна и инспиративна номатка

## Илина Арсова

### Седумте




Илина Арсова својата номадска душа ја стави на хартија уште во 2022 година, кога пристигна првото издание на „Седумте“. Овој пат ја читаме во ново, второ издание. Таа ќе нè пречека на врвовите на планините, но и во котлината на нејзиното инспиративно постоење. Алпинистка, уметница и амбасадорка на нашата земја во светот. Оригинален и инспиративен дух – таа е повеќе од приказна самата по себе!



Новинарка и истражувачка на современоста која сите ја познаваме

## Ана Јовковска

### Емотивен талог




Ана Јовковска неодамна ни понуди збирка прозни записи што несвесно ни недостигала. Зошто мислиме така? Затоа што по самото објавување веднаш стана популарна. Приказните од женската кујна, како што се наречени во поднасловот, веќе се докажан рецепт за вкусна проза. Уште од своето објавување, „Емотивен талог“ ја освои пошироката публика и наскоро го доживеа и своето второ издание.



Неисцрпен автор со раскошен опус

# Митко Мацунков

## Времето пред приказната

Неисцрпен и раскошен – тоа е вистинскиот опис на раскажувачкиот опус на Митко Мацуков. Со неговата нова книга, домашната книжевност добива ново значење. Ова е ново ремек-дело и на ниво на светската литература. Како што вели Венко Андоновски: „Генијален роман кој нема збор вишок или кусок. Ако 'Приказна за трите града' ги содржи како опал кугла сите идни дела на Мацунков, ова е архиопал куглата која ја содржи и таа мала опал-кугла што ги содржи сите негови дела! Навистина импресивно, остава без зборови. Ќе ми треба време да се соземам."




~~790~~ 550




~~500~~ 250




~~200~~ 140

> „АКО НЕМАШ ШТО ДА КАЖЕШ, И АКО СМЕТАШ ДЕКА СЕКОЈ КАЖАН ЗБОР МОЖЕ ДА БИДЕ УПОТРЕБЕН ПРОТИВ ТЕБЕ КАКО ВО СУДСКИТЕ ПРОЦЕСИ, ТОГАШ МОЛЧИ."

# Безвременски

Кога сакаш да не постои време



# Фјодор М. Достоевски






750




300

## ЕДЕН ОД НАЈГОЛЕМИТЕ И НАЈДЛАБОКИ РОМАНСИЕРИ НА СВЕТОТ

Последното и најдоброто дело на Фјодор М. Достоевски е едно од врвните достигнувања во светската книжевност. Конечно на нашите и ваши полици, во еднотомно издание – „Браќата Карамазови“. Раскошна филозофска расправа која покренува низа етички проблеми за природата на Бог, слободата на волјата, правдата и етичноста. Вистинска драма за моралните борби околу верата и сомнежот, разумот и емоциите, разбирањето и осудувањето. Проникнат со алчност и љубомора, љубов и страдање, тага и душевна благородност, овој роман е истовремено и теолошка и психолошка расправа. За Ниче, Достоевски е најдобриот психолог од кого научил многу за животот.

Највредниот трансисториски бестселер за природата на доброто и злото, како што го нарече Венко Андоновски, е задолжителна книга за сечија библиотека, сечие срце и разум.

## Записи од подземјето

Една од најреволуционерните книги на Достоевски, еден од првите егзистенцијалистички романи во историјата на светската литература. Четиво што го означува преминот на книжевноста од XIX во XX век, приказна за визиите на поединците што ги уништува општеството.

„Записи од подземјето“ ни ги нуди белешките на еден гневен, изолиран човек, поранешен чиновник кој се повлекува од светот. Проникнати со сурова искреност и горчлив презир, неговите записи се бунтовен напад на социјалниот утопизам и потврда на ирационалната човекова природа.




250




300

## Коцкар

*Дури и насон ја гледам играта, но имам некое чудно чувство дека сум се вкочанил, дека сум потонал во жива кал од која тешко се извлекувам...*

„Коцкар“ е еден од најуспешните психолошки портрети во светската книжевност. Длабок роман за мрачните човечки страсти претставени во ликот на Алексеј Иванович, млад учител во семејството на стар руски генерал. Обидувајќи се да се пробие во воспоставениот поредок, тој пропаѓа во бескрајната надолна спирала на обложување и загуба. Ниту тивкиот глас на разумот ниту врската со заводливата внука на генералот не можат да ја совладаат неговата жестока зависност. „Коцкар“ има исклучително место во творештвото на Достоевски и во светската книжевност.

## Вечниот маж

Кој е вечниот маж? Каде постои, каде се крие? Достоевски мајсторски ја открива драмата што постојано се одигрува во срцето и умот на читателот. Најинтимните сенки на човечката душа имаат мастилна боја – на перото на Достоевски. Ново издание од книгата што долго време не беше достапна во превод на македонски јазик.




300




250

## Бели ноќи

Мало по обем, но големо по значење, ова е едно од најдобрите дела од школата на сентименталниот натурализам, во кое авторот го следи своето книжевно кредо. Во нему својствен манир, низ призмата на љубовно сиже, Достоевски ни ја разоткрива психата на еден млад човек што е на својот животен крстопат.

# Лукиј Анеј Сенека







300

**ЕДНА КНИГА ВЕ ДЕЛИ ОД ПОСРЕЌЕН, ПОСИЛЕН И ПОМОЌЕН ЖИВОТ!**

Најдобриот тест за вредноста на едно дело е времето. А за оваа книга – тоа и не постои. Исто како и за „Медитации“ од Аурелиј или за „Прирачник за доблесно живеење“ од Епиктет. Со објавувањето на ова безвремено дело од Сенека, во превод на Наталија Поповска, ги заокружуваме трите најзначајни, стоички капитални книги. Спој на филозофска мудрост и животно искуство, размислувања за човечката природа, моќта, судбината и моралот, Сенека уште пред две илјади години ни го покажа патот кон спокоен и среќен живот. „Најсреќен е оној човек кому среќата не му е потребна, а најсилен и најмоќен е оној што владее со самиот себе“, рекол Сенека. Само оваа книга ве дели од тие одлики – најсреќен, најсилен и најмоќен.

> „НАЈСРЕЌЕН Е ОНОЈ ЧОВЕК КОМУ СРЕЌАТА НЕ МУ Е ПОТРЕБНА, А НАЈСИЛЕН И НАЈМОЌЕН Е ОНОЈ ШТО ВЛАДЕЕ СО САМИОТ СЕБЕ.“







390

## ЕДИНСТВЕНИОТ РОМАН НА КНИЖЕВНАТА ИКОНА

Силвија Плат. Писателката која го обележа своето време. Новиот ветер и светлината во женското писмо. Неповторлива во својата судбина и своето перо. Вистинска книжевна икона. Читај и препрочитувај го единствениот роман на поетесата, објавен под псевдонимот Викторија Лукас, еден месец пред да го заврши својот живот. Плат не раскажува само за најтешкиот дел од сопствениот живот туку и за сите нас – обележани од болки и недостиг, од мечти и мали радости. Нема човек кој не пронашол длабочини од непознати размери кога бил препуштен на оваа книга, полна со рационално лудило среде сите животни подеми и падови.

„МНОГУ ДОБРО ЗНАМ ШТО САКАМ И ШТО НЕ САКАМ, САМО НЕ ПРАШУВАЈТЕ МЕ КОЈА СУМ.“

# М. Р. Џејмс






~~300~~
199

## СОВРШЕНИ ПРИКАЗНИ ЗА УЖАСОТ

Добредојде во зоната на самракот!
Храбро нурни се во овие необично добри, морничави приказни за духовите. На моменти ќе ти ја смрзнат крвта и цело време ќе те држат на штрек, но на некој чудесен, ободрувачки начин.
Овие раскази, во избор и превод на Марија Гиревска, се доведени до совршенство.
Секоја приказна е реликвија ископана од тивкиот страв на научниот ум на човек што знае каде лежи вистинскиот ужас.
„Ако некоја од моите приказни ги предизвика читателите да се чувствуваат непријатно и да ги полазат морници кога одат по осамен пат во самрак или додека седат во доцните ноќни часови пред огнот што полека згаснува, мојата цел во пишувањето ќе биде постигната", рекол Џејмс.
Па, ќе ја постигне ли целта и кај тебе?

> СВЕЌАТА СЛАБО НЕКА ГОРИ. ТИШИНАТА НЕКА ИЗБИЕ.
> И ЗАКОПАНОТО МИНАТО МОЖЕ ДА ДОБИЕ ЗБОР.







400

## КУЛТНАТА КЛАСИКА НА ХЕРМАН ХЕСЕ

Хесе секогаш одново ја маѓепсува душата со нови сознанија по секое наредно читање. Интимниот приказ на човекот кој се чувствува себеси како получовек-полуволк, го доловува расположението на една цела незадоволна генерација растргната меѓу минатото, сегашноста и иднината. Фаустовската приказна го следи патот на Хари Халер, кој во состојба на целосно отуѓување од светот, страда од длабок внатрешен конфликт. Во голем дел автобиографски, „Степскиот Волк“ поседува длабока мудрост што ги воодушевува читателите дури и цел век по објавувањето. Преводот на Емилија Томовска-Бојковска, закитен со наградата „Божидар Настев“, ни го доближува овој фасцинантен роман за болестите и за осаменоста на човечката душа.

> „НАВИСТИНА, НЕ Е МУДАР ОНОЈ ШТО НЕ ЈА ПОЗНАВА ТЕМНИНАТА.“



Принцот на темнината

## Едгар Алан По

# Црниот мачор

Најпознат по мрачните приказни што ги истражуваат мистериозните длабочини на човековата психа, Едгар Алан По е еден од првите американски раскажувачи кој се смета за творец на детективската и криминалистичката проза и зачетник на научната фантастика.
Во оваа книга, во избор и превод на Ирена Јурчева, се вклучени некои од најпознатите раскази на По, почнувајќи од „Маската на црвената смрт“, „Елеонора“, „Падот на куќата Ашерови“...




300



Тажниот класик на светската книжевност

## Осаму Дазаи

# Сè помалку човек

Секој од нас понекогаш се почувствувал како да не се вклопува во калапот на стварноста или на општеството. Јапонскиот класик Осаму Дазаи нè учи дека поединецот не треба да се обидува да влезе во тој калап, туку едноставно да го најде оној што одговара на неговиот број.
Без сентименталност и со сурова искреност, Дазаи ги засведочува секојдневните направди на светот преку записите на својот антихерој.
Ова ремек-дело на современата мисла, четиво за секој гостин на оваа стварност, лектира за животот – пристигна во свое ново издание!




250



Неповторливо име во светската книжевност

## Албер Ками

# Странецот

Едно утро Мерсо добива телеграма со известување за смртта на мајка си. Не само што таа вест ја прима ладнокрвно, туку утредента заминува на плажа со Марија, девојка кон која не чувствува ништо посебно. Без да се насети некаква емоција во неговиот карактер, Мерсо најпосле, без премислување, заслепен од летната жештина, убива човек. Зошто Мерсо е туѓинец и дали вреди потрагата која ја води по суштината? Одговорот е во мајсторството на Албер Ками, кој преку психолошкото соголување на неговиот лик, создава ремек-дело на светската книжевност и еден од најзначајните романи на 20 век.




250



Генијален познавач на човечката душа

## Ерих Марија Ремарк

# На запад ништо ново

„На запад ништо ново“ е најпопуларниот и најпреведуван воен роман на сите времиња. Не можеле да го замолчат ниту прогонството на Ремарк од татковината ниту горењето на неговите книги. Бил и останува сведок на разорните последици што војувањето ги носи врз личната и колективната болка и судбина. Оваа книга е жестока осуда на ужасите на војната. Обид да престанат или барем да се ублажат нејзините трауми, повик да не се повтори никогаш. Надежна приказна што зрачи со љубов и грижа за човештвото.




300



Дистописки визионер

## Олдус Хаксли

# Прекрасен нов свет

Во футуристичкиот свет на Хаксли, луѓето се создаваат во лабораторија, секој со однапред предодредена функција и класа. Но настрана од новите „пластични“ луѓе, стојат нормалните, „дивјаците“. Кога новите луѓе ќе дојдат во допир со еден Дивјак, започнува вистинското соочување со стварноста. Дистописката визија на Хаксли ни ги доближува заканите пред кои е исправено човештвото, со надеж дека ќе нè освести пред нивната опасност.




300



Бранител на мудроста

## Херман Хесе

# Сидарта

Херман Хесе во 1922 година го издава едно од најзначајните дела во историјата на човештвото. Инспириран од тегобата на своето време, од сопствениот поттик да ја пронајде смислата на постоењето, им ја остава во наследство на сите трагачи по суштината.
„Да не постоеја зборовите, пишувањето и книгите“ – вели тој – „немаше да постои ни историјата, човештвото ќе немаше смисла.“ Дајте му смисла на човештвото и посветете ѝ се на мудроста. Во секој човек има нешто големо, а некои се ремек-дела на природата!




250



# Џорџ Орвел

*Колку и да ја одрекуваш вистината, таа постои.*




~~450~~ 350

## ЏОРЏ ОРВЕЛ ИМАЛ ХРАБРОСТ ДА ЗАСТАНЕ ОЧИ ВО ОЧИ СО ОПШТЕСТВОТО.

Дури е застрашувачки колку визионерски ја напишал својата „1984“ или колку немилосрдно го осудил општеството во алегоријата „Животинска фарма“ и колку имал право со сето тоа. Класикот на критичката мисла отворено и без трошка патос секогаш ги изнесува вистините, дури и во својата автобиографија. Тој ни нуди живописен приказ на двата града со отрезнувачки вистини за ужасната стварност – ужасна затоа што е сосема реална.
„Никој и ништо во Париз и Лондон“ е веродостоен сведок и значаен социјален документ за сиромаштијата што го угнетува народот. Но тој истовремено прераснува и во беспоштедна критика кон власта која не презема ништо за нејзино решавање.




~~250~~ 199




300

> „МОЖЕБИ НА ЧОВЕК НЕ МУ Е ТОЛКУ ПОТРЕБНО ДА БИДЕ САКАН КОЛКУ ДА БИДЕ СФАТЕН.“



Живот посветен на пишувањето

## Шандор Мараи
## **Вистинскиот**




~~400~~
**299**

Петер и Илонка се богат пар чиј навидум совршен брак е уништен од тајни. Несигурната Илонка верува дека никогаш не може да биде доволно префинета за својот сопруг, а Петер се измачува со забранетата љубов кон Јудит, селанка и слугинка во неговиот дом од детството. Јудит, пак, копнее по слобода од стегите на општеството што ги заробува сите тројца во вител на љубов и загуба. Оваа извонредна приказна, која се одвива во Унгарија меѓу двете светски војни, во свет на драматични промени, е уште еден доказ за брилијантноста на Мараи.



Предводник на научната фантастика во светот

## Исак Асимов
## **Втора Фондација**




~~380~~
**280**

Досега Фондацијата беше безбедна, благодарение на скриената Втора Фондација основана заради нејзина заштита. Барем така си мислевме. Но каков би бил светот без противници? Со појавата на мутантот Мула, започнува и продолжението на најдобрата научнофантастична сага на сите времиња. Каде е крајот на галаксијата? Или можеби навистина е бескрајна. Токму како и имагинацијата на Исак Асимов, кој создава уште едно ремек-дело во научната фантастика.



Одбиван, премолчуван, забрануван и напаѓан

## Михаил Булгаков
## **Мајсторот и Маргарита**




~~500~~
**380**

„Што би правело доброто кога не би постоело злото, и како би изгледала земјата кога од неа би исчезнале сенките?“ Ова е една од најпознатите реченици од „Мајсторот и Маргарита“, книгата без која не би можеле ни да замислиме како би изгледала светската литература. Користејќи го хуморот како најсилно оружје против системите кои се обидуваат да нè задушат, Булгаков ја исмева таа нехумана лакрдија, по цена на својот живот, а во име на слободата и правото на избор на сопствената (уметничка) вистина.
Не постои историја, туку само истории. Различни приказни, погледи на минатото и историјата, нивно калкулирање и искористување. Еве одлична можност да се погледнат нештата од поинаков агол.







~~750~~ 599

~~350~~ 270

## МИСЛИТЕЛОТ ШТО СОВРШЕНО ГИ ОБЛИКУВАШЕ МУДРОСТИТЕ ВО СТИХОВИ

„Она што го бараш, те бара тебе.“
Ако вчера бевме разумни и сакавме да го смениме светот, денес сме мудри и решивме да се промениме себеси. Ете, така изгледа кога човек ги применува пишаните правила на човековата душа запишани во „Големата црвена книга“. За првпат ги читаме во еднотомно издание трите дела од оваа необична ода на пријателството и љубовта, книга проникната со вековна мудрост. Воедно, го славиме и последниот превод на еден од најзначајните домашни книжевни преведувачи, професорот Драги Михајловски.
Објавувањето на оваа збирка носи уште едно цело сонце во срцевата галаксија. Извор на вечна светлина, на мудрост и поетска беспрекорност, Руми е несомнено еден од најдобрите поети на светот. Ненадминлив, лиричен и длабок колку океан.

„ДУХОВНА РИЗНИЦА ЗА ЦЕЛОТО ЧОВЕШТВО. ИЗВОР НА НАЈПРЕКРАСНИТЕ МЕТАФОРИ ШТО ЌЕ ВЕ ПОТТИКНАТ ДА СЕ ЧУВСТВУВАТЕ КАКО ДА СТЕ КАЧЕНИ НА СРПЕСТАТА МЕСЕЧИНА И ОТТАМУ ДА ГИ ЧИТАТЕ ОВИЕ БИСЕРИ.“



Унгарскиот брилијантен ум

# Шандор Мараи

## Јудит

Шандор Мараи го препознаваме како авторот на „Свеќите горат до крајот“ и „Вистинскиот“. Исклучително популарни и влијателни романи. Сега го читаме со уште едно такво четиво што одзема здивот. Врамен во бурните настани во Унгарија пред и по војната, овој роман е доказ за маестралниот ум на писателот.
Монологот на поранешната слугинка во една хотелска соба во Рим ја расплетува приказната за сложениот љубовен триаголник.
Роман кој е доказ за неправедно запоставената брилијантност на Мараи. Со прецизност на кројач и чувствителност на поет, Мараи создава слика на која ги портретира неизговорените зборови и нечистите состојби, како и цената што се плаќа кога молкот ќе заврши.




~~350~~ 299

„РОДНИОТ КРАЈ СЕ СТЕКНУВА САМО ЕДНАШ ВО ЖИВОТОТ, КАКО И ЉУБОВТА, ОНАА ВИСТИНСКАТА.“



Фасцинантна бунтовничка што се бори со зборови

# Рита ел Кајат

## Врска

Бунтовна и помирувачка, нежна и страсна приказна за една жена. Необична жена што знае да каже „јас“, и тоа не какво било, туку она што шокира.
Интимен поглед во личниот дневник на чувствата на една жена во строго патријархално општество, која е несекојдневна и обвинувана зашто бара љубов и ослободување од стегите, во време, контекст и простор за кои се чини невозможно.




~~250~~ 199

# Книги за деца

Кога магијата е на прво место






## Јагода Михајловска-Георгиева

### Ѕвездена џунгла

Ве привлекуваат ли таинствени откритија? Заинтересирани ли сте за неверојатни дружби? Би се впуштиле ли во фантастични, забавни, волшебни, но... хммм, понекогаш и опасни случки? Ако одговоривте потврдно, подготвени сте за патување низ чудната и чудесна Ѕвездена џунгла!




## Винка Саздова

### Ти носам пустински песок

Се викаат Стела и Сани, а меѓу себе Јасти и Тијас. Родени се на ист ден, во иста година, во ист час. Исти им се и имињата. Ѕвездени. Живеат во исто маало, учат во исто одделение, исти нешта ги интересираат. Изгледа дека ништо не би можело да ги раздели, па сепак... Ќе се смени ли нешто меѓу нив?




## Венко Андоновски

### Имаш пчела на носот

СТЕЛА: Обвинета сум за хакирање на целата документација во гимназијата. Сите оценки се избришани. Нема шанси да докажам дека не бев јас. Вљубена сум во еден, а тој во онаа што ја избриша документацијата, и нема шанси да ме засака. Како да излезам од ова? САНИ: Ме претепаа пред зградата на Наде, само затоа што ја сакам. Ми ја скршија и гитарата, а не е моја. Ме обвинија дека ѕиркам на физичко во женската соблекувална. А јас само сакав да ја сретнам Наде. Исти души, исти гајлиња.




~~300~~ 199

Запознај ги двајцата суперхерои Јас и Ти и придружи им се во нивната авантура. Тие не патуваат низ светот, но одат на едно многу потајно и поневеројатно место. Во срцето на едно дете. Сосем исто како твоето! Подготви се да станеш суперхерој! Ти веќе имаш супермоќи, но со оваа прекрасна сликовница само ќе научиш како да ги препознаваш.




~~690~~ 450




~~190~~ 150




~~340~~ 270




~~900~~ 199




~~280~~ 199




~~350~~ 250




~~150~~ 120




~~500~~ 199




~~400~~ 280




~~400~~ 199




~~400~~ 199




250

# Духовен развој*

* Кога светот е премногу









~~490~~
399

**СО ДЕ МЕЛО ДО ИСПОЛНЕТ И СПОКОЕН ЖИВОТ!**

Книгата што секому му треба во животот! Ако се сомневаш во моќта на книгите, во Де Мело и во себе, потсети се на ветувањето од овој извонреден автор: „Не сум запознал ниту еден човек што не забележал разлика по неколкунеделна посветност на постигнувањето свесност“. Секој период е совршен за да ги започнеш средбите со Тони де Мело и од недела во недела, по поминати педесет и две поглавја – ќе бидеш среќна и смирена личност, свесна за вистинските вредности и исполнета со нив.

Книгата што е компас за животот и мапа за среќата, од денес може да биде твојот водич!

„ЗАПАЛЕТЕ ЈА СВЕТИЛКАТА НА СВЕСНОСТА, ПА ТЕМНИНАТА ЌЕ ИСЧЕЗНЕ!“







~~280~~
199

## ЗАЧЕКОРИ КОН САМОСПОЗНАВАЊЕТО СО УЧЕЊАТА НА КРИШНАМУРТИ

Индискиот филозоф, говорник и писател Џиду Кришнамурти е еден од најголемите мислители и духовни учители на сите времиња. „Слобода од познатото“ е одличен вовед во неговото учење и е совршена за првиот чекор кон новото животно себеостварување.
Смислата не треба да ја бараме надвор од себе. Кога ќе сфатиме дека таа може да биде внатре во нас, сѐ ни се чини поинаку. Разбери се себеси, сакај се и потоа прегрни го целиот свет.
Со животните мудрости што ќе ги стекнеш од оваа книга, ќе го разбудиш најчовечкото во себе. А тоа е свесно за своите мани, но и за своите предности што можат да го однесат до најголемата мудрост.
Разгори ја својата желба за исполнет живот!

„МАЛИТЕ ОГНОВИ МОЖАТ ДА СЕ ПРЕТВОРАТ ВО ПЛАМТЕЧКИ ОГАН.“



Најинспиративниот духовен учител на нашето време

## Ошо

# Здрав емотивен живот

Ошо, еден од најпровокативните и најинспиративни духовни учители на нашето време, ни претставува практичен и сеопфатен пристап кон успешно решавање на личните конфликти. Користејќи нов, досега необјавен материјал, книгата „Здрав емотивен живот“ ни помага да сфатиме што лежи во основата на нашите емоции, ни укажува како да реагираме на ситуациите за да осознаеме нешто и за себе и за другите, и нè учи да одговориме со поголема сигурност на неизбежните подеми и падови во животот.




~~380~~
299




~~380~~
299

> ОНАМУ КАДЕ ШТО СТРАВОТ ЗАВРШУВА – ПОЧНУВА ЖИВОТОТ.



Мисловен филозоф на постоењето

## Норман Винсент Пил

# Моќта на позитивното мислење

Глобалниотбестселери една од најпродаваните книги на сите времиња на многумина им помогна да си го променат животот со помош на позитивните мисли. Со овој инспиративен прирачник, Норман Винсент Пил создаде неповторлива филозофија на постоењето!
Земете ја оваа книга в раце и подгответесе: да развиетемоќ за постигнувањена поставенитецели, да ги подобрителичните и професионалните односи, да преземете контрола над околностите и, најмногу од сè, да бидете среќни и исполнети!




~~450~~
340

# *Лујза Хеј*

*Духовен гуру*






~~380~~
**280**

**КНИГИТЕ НА ЛУЈЗА ХЕЈ СЕ МОСТ ПОМЕЃУ СФАЌАЊЕТО ЗА УМОТ И ТЕЛОТО КАКО ЕДИНСТВО, ПОТСЕТУВАЈЌИ НÈ КОЛКУ ДУХОВНИОТ АСПЕКТ, НАСОЧЕНОСТА НА УМОТ И СОЗДАВАЊЕТО НА МИСЛИТЕ СЕ ВАЖНИ ЗА НАШЕТО ЗДРАВЈЕ**

Книги кои лекуваат, ослободуваат и ви ги покажуваат вистинските верувања за себе. Влези во истражувачките мисии на мислата на Лујза Хеј и со овој практичен водич за самопомош, промени го начинот на размислување засекогаш!
Научи се да го слушаш своето тело и да ги разбираш неговите пораки. Зашто здравјето започнува со нашите мисли, а нашите мисли започнуваат преку книгите.

> ЉУБОВТА Е ЧУДОТВОРЕН ЛЕК. КОГА СЕ САКАМЕ СЕБЕ, НИ СЕ СЛУЧУВААТ ЧУДА ВО ЖИВОТОТ.







280
220




280
199

## ОДЛИЧНИ ДУХОВНИ И ПРАКТИЧНИ ВОДИЧИ

Овој мудар концепт за животот им отвора неистражени патеки на возрасните, особено во односите со децата. „Седумте духовни закони за успешно родителство“ ни докажува дека духовноста е темел на сите животни достигнувања.

Наместо да ѝ се спротивставуваш на својата судбина, соработувај со неа и не попречувај ја. Дозволи ѝ да се исполни. Идеите на Дипак Чопра ќе ти помогнат во тоа. Тие се оригинални, длабоки и фасцинантни. А и сам ќе се изненадиш од себеси кога ќе ја примениш нивната моќ.

> „НИЕ СМЕ ПАТНИЦИ ВО УНИВЕРЗУМОТ. СМЕ ЗАСТАНАЛЕ ТУКА НАКРАТКО ЗА ДА СЕ СРЕТНЕМЕ, ДА СЕ ГРИЖИМЕ ЕДНИ ЗА ДРУГИ, ДА ЉУБИМЕ, ДА СПОДЕЛУВАМЕ. АКО СПОДЕЛУВАМЕ СО ДОБРА МИСЛА, ЛЕСНО СРЦЕ И ЉУБОВ, ЌЕ СОЗДАВАМЕ ИЗОБИЛСТВО И РАДОСТ ЕДЕН ЗА ДРУГ.“

## Ентони де Мело
# Будење

„Будење“ на Ентони де Мело е книга водич која со право се смета за модерна класика за духовноста. Со емпатија, разбирање и хумор ги води читателите низ патеката на животот која неминовно треба да нè доведе до тоа „будење“. Книгата зборува за можностите да научиме нешто ново, да ја смириме залудно потрошената енергија – да се свртиме кон сопствените емоции и здравје. Нешто што е многу важно не само во вакви невремиња, туку – секогаш. Вистинската книга во периодите кога најмногу ни треба духовна поткрепа!




~~280~~
240

> „НИТУ ЕДНА РЕАЛНОСТ НЕ СЕ ВКЛОПУВА ВО НИТУ ЕДНА ИДЕОЛОГИЈА. ЖИВОТОТ Е НАД ТОА. И ПОВЕЌЕ ОД ТОА.“

## Скот Пек
# Патот по кој ретко се оди

Не постојат едноставни и лесни одговори за луѓето кои тргнале по патот на духовно созревање. Човештвото е среде голем еволуциски скок. Сè зависи од нас. Универзумот е тука да ни го подготви патот, меѓутоа, ние самите мораме да зачекориме по него. Потребно е во себе да вградиме систем за постигнување на духовно и ментално здравје. Процесот на себепроширување е многу еволутивен. Кога некој успешно ги проширил своите граници, веќе поминал во повисоко ниво на постоење.
Книгите можеби не нудат готови решенија, но поттикнуваат секој што ги чита да ја преземе одговорноста за сопствениот пат.




~~400~~
299

# Романи*

* Кога бараш книги на кои можеш да се потпреш





Контроверзен и револуционерен

## Мишел Уелбек
# Уништување

Уелбек открива нови страни во своето творештво додавајќи сочувство во емоциите на бес, одвратност и иронија, со препознатливиот стил кој ги разбранува читателите и критичарите претходните години и му донесе меѓународна слава.
Има такви понеделнички денови кон крајот на ноември или на почетокот на декември кога на човека, особено ако е самец, му се чини дека се наоѓа во претсобјето на смртта. Летниот одмор одамна е заборавен и ништото изгледа невообичаено блиску. Но не е сè толку сиво... Во заднината има нешто помрачно, нешто нездраво, па дури и зло..




~~650~~
**299**



Проникнувач во темната страна на моќта

## Џулијано да Емполи
# Магот од Кремљ

Џулијано да Емполи е современ италијанско-швајцарски автор, есеист и романсиер, политички советник. Неговиот роман „Магот од Кремљ“ нè води во јадрото на руската моќ, каде што дворјани и олигарси водат постојана војна за превласт.
Откривајќи ја валканата страна на Путиновата ера, романот нуди возбудлива слика за фасцинацијата од злото и од моќта. Од војната во Чеченија, преку Олимписките игри во Сочи, до кризата во Украина, „Магот од Кремљ“ е голем роман за современа Русија.
Инаку, ја имаме и филмската адаптација на ова интригантно дело.




~~450~~
**299**



Новата опсесија на љубителите на фантазијата

## Ерин Дум
# Солзотворец

Продаден во над половина милион примероци за неполни три години, „Солзотворец“ е прв роман на италијанската современа писателка Ерин Дум.
Романот ги запознава читателите со книжевните ликови Ригел и Ника, додека се мачат да ги откријат во себе љубовта и добрината што ги немале во домот за незгрижени деца. За да можат да бидат заедно, мора да се помират со деструктивната љубов пред таа целосно да ги уништи, и да ги осветлат темнината на своето минато и опасните влогови на заедничката иднина. И двајцата со скршени срца, стануваат делчиња од една сложувалка во совршен спој.




~~750~~
**399**



Храбар и трогателен

## Џон Бојн
# Невидливите бесови на срцето

Џон Бојн, популарниот автор на „Момчето со пижами на риги“, во секое свое дело на изнемоштените и навидум безнадежни книжевни ликови им дава шанса да се пробијат до излезот, не преку барање на светлината како патоказ, туку со тоа што самите стануваат светилник.
Привлечна, скандалозна и на многу места забавна, „Невидливите бесови на срцето“ е трогателна и драматична одисеја на еден обичен човек и на една цела нација, залутани во времето.




~~750~~
**399**



Писателот со восхитувачки стил

## Амин Малуф
# Левантски бројаници

Левантски бројаници е некогашно име на низа трговски градови низ кои минувале патниците од Европа на пат кон Истокот. Места каде што се среќавале разни јазици, обичаи, религии и верувања, кои историјата ги обликувала пред самата да ги разори.
Чекор по чекор, го следиме животот на Осијан – од агонијата на Втората светска војна и трагедиите кои и ден-денес го растргнувааат Блискиот Исток, животот во окупација, средбата со саканата, остварувањето на соништата, сè до слегувањето во пеколот – и личниот и општествениот.
Што преостанува кога ќе се изгуби сè?
Единствено надежта.




~~400~~
299



Дистопискиот глас на надежта

## Казуо Ишигуро
# Клара и сонцето

Во 2017 година извонредниот Казуо Ишигуро ја доби Нобеловата награда за литература. „Клара и сонцето“ е првата книга што ја објави по нејзиното добивање, роман што веднаш ги освои срцата на читателите. Зошто? Зашто дава одговори на вечните прашања и стравови што лежат во нас полна со толку многу одговори што го мачат денешниот свет.
Од истиот автор не заборавајте ја и „На крајот од денот“, роман за вистинските вредности и за смислата и суштината на човековата среќа.




~~500~~
299



Следниот Стивен Кинг

## К. Џ. Тјудор
# Девојките што горат

К. Џ. Тјудор се прослави со својот одличен трилер „Човек од креда“, инспириран од мрачните тајни во делата на Стивен Кинг, но и од еден морничав случај во едно од малите гратчиња во кои често престојува. „Девојките што горат“ е трилер сместен во едно такво селце кое крие тегобни тајни што се протегаат длабоко во времето.
Пред 500 години во него на клада биле изгорени осум протестантски маченици. Пред 30 години без трага исчезнале две тинејџерки. А пред два месеца се самоубил капеланот. Ако си бестрашен, откриј ја вистината. Но и тогаш мораш да бидеш внимателен!




~~500~~
299



Авторка на необичен спој меѓу белетристика и трилер

## Карен Мекквешчен
# Детето на месечевата светлина

Магијата на Карен Мекквешчен е во тоа да создаде морничава приказна и да ги освои љубителите на трилери, но и читателите кои обожаваат белетристика. Таа е вистинска романсиерка што има пронајдено неверојатен стил со кој го задржува љубопитството на читателот. Но истовремено ги проблематизира темите на човечката чесност и добрина, сложените односи меѓу луѓето и невидливите нишки што ги поврзуваат и неизбежно ги упатуваат еден кон друг.
Приказна што ќе те воодушеви со тоа колку еден роман може да биде слоевит.




~~500~~
299



Американската експериментаторка со стилот

## Алиса Кол
# Кога никој не гледа

Речиси веднаш по објавувањето, „Кога никој не гледа“ стана бестселер на „Њујорк тајмс“ и „Уса тудеј“. Овој трилер на Алиса Кол е еден од најбараните во светот за 2022 г. и сè уште го држи своето место на светските топ-листи на трилери. Нè носи во Бруклин, во маалото што прекуноќ почнува да се менува. Раскинувана од болка поради пропаднатиот брак и смртта на мајка си, измачувана од тајните што ги носи во себе, Синди Грин тргнува во истражување со новиот сосед Тео. Но ако сакаат да преживеат среде заканувачите настани, тие прво мора да се научат да си веруваат.




~~500~~
299



Омилениот криминалистички автор

## Стиг Ларсон
# Девојката со тетоважа на змеј

Стиг Ларсон со почетокот на својата возбудлива трилогија! Вистински ќе ве размрда – ќе ве возбуди и ќе ви ги изостри сетилата. Детективска приказна, семејна драма, финансиски интриги и омраза, оваа книга ќе ви ја обои ноќта во мистерија. Досега неговата трилогија се продаде во над 20 милиони примероци, што го направи Ларсон еден од најпродаваните автори на планетата. Зачинет со сензибилитетот на скандинавското поднебје, овој роман ќе биде најдоброто нешто што ви се случило во вашиот оддел трилери од домашната библиотека.




~~500~~
**299**



Остра како жилет

## Шари Лепена
# Двојката од соседството

Дури и по откривањето на убиецот и разрешувањето на мистеријата, останувате заглавени во светот на Шари Лапена. Нејзиниот прв трилер „Двојката од соседството“ (2016) стана глобален бестселер и најпродавано дело според „Њујорк тајмс“. По овој наслов следуваа уште неколку со кои направи бум во крими-литературата и мистеријата. Рејтинзите на „Некој што го знаеме“ и „Несаканиот гостин“ постојано растат на читачките платформи. Атмосферата, тивките предградија во северниот дел на Њујорк, начинот на кој се изградени ликовите, толку проникливо што не знаеме кон кого да го впериме прстот – сите тие нешта се дел од нејзиното мајсторство.




~~400~~
**290**



Пријателка на сите вљубеници во тајните

## Барбара О’Нил
# Кога верувавме во сирени

Барбара О’Нил ги обожава псевдонимите. Сака да си поигрува со читателите, а и со нашите емоции, зашто преку зборовите може да те однесе низ различни емотивни бури. По читањето на оваа нејзина книга, нема да излезеш истиот човек.
Срцето може буквално да боли, не метафорично – од тежината на споменот, копнежот и бесот.
Соочи се со трагичната судбина на Џоузи за која се веруваше дека е убиена. Но сета насобрана тага прераснува во збунетост и гнев во мигот кога сестра ѝ ја здогледува на телевизија. Тајните што долго време биле закопани испливуваат на брегот, каде што ги чека нова бура. Можно ли е да е жива?




~~500~~
199



Современиот глас на жената и нејзината моќ

## Иви Данмор
# Покорувајќи го војводата

Пред големата љубов потклекнува дури и тврдокорниот војвода. Инспирирана од магичниот пејзаж на Оксфорд и од страста за романтика, жените пионери и викторијанската ера, Иви Данмор ни нуди историска фикција која ги разгорува сите сетила. Два лика – еднакво непоколебливи и одлучни – жена која се бори за своите права и студениот војвода од Монтгомери. Иви Данмор го доловува духот на ерата запознавајќи нѐ со група извонредни жени. Ако си една од нив, или ако сакаш да се вљубиш во една од нив, ова е вистинската книга за тебе.




~~500~~
199



Најинтригантната книжевна енигма

## Елена Феранте
# Лажливиот живот на возрасните

„Лажливиот живот на возрасните“ е уште една неаполска приказна за преминот од детството во светот на возрасните, со која Елена Феранте се потврдува како редок бисер на современата книжевност. Длабоко понирајќи во ликовите, Феранте со вешта рака нè води низ нивните судбини и алтер ега. А чие лице крие таа зад себе, сè уште не е растајнето – Елена Феранте останува најголемата книжевна енигма.




~~450~~
299

# Приказна за изгубеното девојче

Наспроти заводливата и опасна заднина на Неапол, приказната за пријателството е раскажана со неповторлива искреност и красноречивост. Сите четири дела од оваа сага создаваат незаменлива приказна која со секое навраќање им носи на читателите нови откритија.
Неверојатен завршеток на најбараната сага за силната пријателска врска.




~~600~~
420

# Мојата генијална другарка

Врати се од таму од каде што започна неаполската сага! Со првиот дел од тетралогијата Неаполски романи, Феранте не се покажа само како една од најголемите италијански раскажувачи во светот туку и како најчитана на новото време. Невозможно е да се замисли книгољубец кој ја нема читано Феранте. Соочете се со едни од најпрепознатливите хероини во италијанската книжевност!




~~550~~
350




~~650~~
399

## ГОЛЕМО *ДА* ЗА ГРАФИЧКИТЕ НОВЕЛИ И ДЛАБОКИТЕ ПРИКАЗНИ ШТО СЕ НАВИДУМ ТОЛКУ ЕДНОСТАВНИ

Знаете ли какво освежување е читањето на графичките новели? Ќе се чувствувате како да гледате филм.
Со какви необични ликови нè запознава Пако Рока? Во оваа книга сè е многу забавно, но и неизбежно нè тера на размислување. И тоа, длабоко размислување. За животот. Како да го искористиме целосно? Дали среќата си ја создаваме сами или треба да ја бараме надвор од себе?
Сликите оживуваат, а приказните, пак, почнуваат цел нов живот во вашите срца. Овој нов живот што ни го создаде Пако Рока е поинаков.




~~790~~
399

## ЉУБОВ КОН СЕБЕСИ И КОН СЀ ШТО НЀ ОПКРУЖУВА

Уште една графичка новела што му дава нова боја на животот! Запознајте го необичното девојче низ графиките и цртежите на оваа француска книга која ќе ве одведе до една фарма на село. Со хумор и нежност, авторката ќе ве запознае со дефиницијата за рајот на секое дете, одново ќе ве поврзе со природата и нејзините најверни пријатели и сојузници – уметноста и литературата што секогаш се стремат да ја зачуваат и да ги направат повидливи нејзините убавини. Оваа година патувајте со детската имагинација, зашто не постои понадежно место од умот на едно дете што фантазира за слобода.




~~300~~
240

## НОВ ДИСТОПИСКИ КНИЖЕВЕН ГЛАС

Живопис со дистописки призвук, роман со исклучителен стил. Хелене Буковски во својот дебитантски роман ни раскажува што значи да се биде мајка на крајот на светот, за живеењето со влијанијата од промените што го уништуваат светот, отсликувајќи ги сите внатрешни борби што ги води секој поединец.
Овој необичен германски роман во светот предизвика живи реакции и восхитеност. Многу светски книжевни списанија, како „Паблишерс викли“ и „Киркус ривјус“, пишуваат пофално за овој дистописки роман што влијае освестувачки врз свеста на читателите обработувајќи ги најгорливите прашања на современата цивилизација.




~~400~~
320

## ПОВЕЌЕСЛОЈНА САГА СО ТРИ ИСПРЕПЛЕТЕНИ ПРИКАЗНИ

Приказни во кои палимпсестно се испишани најмалку уште толку, колку лични толку и универзални.
Во нив треперат копнежи и разделби среде историски превирања, премолчени зборови, неискористени можности и неодговорени прашања: еден ли е светот или има мноштво светови во кои паралелно течат нашите животи? Постои ли во некој од нив нашата сродна душа и дали со неа ни се случува љубов на прв поглед?
Издаден во 2022 година, романот „Ѕвезди под клепките" ја добива Националната награда „Христо Г. Данов" за придонес во книжевната култура и е номиниран за сите значајни награди за проза во Бугарија.




~~280~~
200

## НОВ, НЕЖЕН ГЛАС НА ЕМОТИВНОСТА

Кога ќе го прочитате ова дело ќе сиречете: да, оваа е таа книга. Зошто? Затоа што зборува за сите суштински работи што го прават животот вреден за живеење, за поврзувањето со луѓето кои по дефиниција треба да ни бидат блиски, за себепронаоѓањето...
Длабока, емотивна приказна што го следи животот на една мајка која решава последното лето од својот живот да го помине во едно француско село, заедно со својот отуѓен син.
Не плашете се од болеста, таа е толку споредна во оваа книга. Напротив, сите што го имаат прочитано овој роман во него најдоа надеж и светлина. Одговори на многу животни прашања. Поуки како да го живееме секој миг и како во денешниот ден да го најдеме зачетокот на новото утре.




~~400~~
280

## БЕЗМАТИЧНИК

Современ, феминистички, хумористичен и остар, овој наградуван роман на писателката и философка Мира Марќинув е неповторлива приказна за комплексните односи мајка – ќерка.
„Безматичник" е современ роман за губењето на мајката, на семејната матица без која некогаш постоењето изгледа невозможно.
Роман кој се обидува да изнајде нов јазик – нежен, треперлив, копнежлив, сурово искрен, за една безмерна љубов каква што може да се случи само меѓу мајка и нејзината ќерка.
Книга што допира право во срцето.




~~500~~
340

## ВОЗБУДЛИВ АПОКАЛИПТИЧЕН ТРИЛЕР

Заборави на досегашниот живот – доаѓа кобниот ден кога Земјата ќе биде погодена од комета.
Во сеопштиот хаос, Дениз, нејзината сестра Ирис и мајка им успеваат да се качат на вселенски брод што треба да ја напушти Земјата и да колонизира нови светови. Но секој патник мора да има некаква практична вештина за да остане. Дениз е аутистична, мајка ѝ се бори со зависност од дрога, а Ирис се здружува со отпадниците сакајќи да им помогне да преживеат. Дали ќе ги откријат? Дали сепак ќе можат да останат пред бродот да полета?
Кога е во прашање иднината на човечката раса, чии животи се најважни?




~~350~~
250

## НЕВЕРОЈАТНА ПРИКАЗНА ШТО ДОПИРА ПРАВО ВО СРЦЕТО

Објавен во 1996 година, „Остров во морето“ ги освои читателите низ светот зборувајќи за тешките теми на еврејското прогонство, болката на миграцијата, растењето без родителска грижа и приспособувањето на нови средини низ детските искрени очи на сестрите Стефи и Нели кои своето засолниште го бараат на остров крај Гетеборг.
„Мила мамо, дојди и земи нè. Овде не можам да живеам...“, ѝ пишува Стефи на мајка си. Но не го праќа тоа писмо. Додека ја очекуваат новата средба со родителите, која сè повеќе се одолжува, Стефи и Нели постепено се сродуваат со жителите на малиот остров...

# Книги за 199 денари*

* Кога вредноста е висока, а цената ниска




Образована
ТАРА
ВЕСТОВЕР


#1 Бестселер на Њујорк тајмс
ПОЛОВИНАТА
ШТО МИ
НЕДОСТИГА
БРИТ
БЕНЕТ


БАРБАРА О'НИЛ
КОГА ВЕРУВАВМЕ
ВО СИРЕНИ


Вуди
Ален
А пропо
ништо
Автобиографија


РАФАЕЛА
ЖОРДАНО
Продавница за животни промени


ЕМИЛИ СЕНТ ЏОН МАНДЕЛ
СТАКЛЕНИОТ
ХОТЕЛ
ОД АВТОРКАТА НА
СТАНИЦА ЕДИНАЕСЕТ


Шари Лапена
Бестселер на
ЊУЈОРК ТАЈМС
НЕКОЈ
ШТО ГО
ЗНАЕМЕ


Марио Варгас ЉОСА
ПЕТ ЌОШИЊА
EN TODO EL PAÍS
TOQUE DE QUEDA


КРАЈОТ
НА
ОСАМЕНОСТА
Бенедикт Велс


СЕНИШНАТА
ШУМА
МЕТ ХЕЈГ


Весна Томовска
ДРУГАТА
ЖЕНА ВО
АНТИКАТА


ФРЕДРИК
БЕГБЕДЕ
ЧОВЕКОТ
ШТО ПЛАЧЕ
ОД СМЕЕЊЕ


КАРОЛ МАРТИНЕЗ
СОШИЕНО СРЦЕ


Џејми Мекгваер
ПРЕКРАСНА
КАТАСТРОФА


МОРДЕКАЈ РИШЛЕР
ВЕРЗИЈАТА
НА БАРНИ


Срце од
мастило
Корнелија Функе


БАРБАРА СИМОНИТИ
Мочурливци


ЕРНЕСТО САБАТО
АБАДОН,
УНИШТУВАЧОТ


АМЕРИКАНСКА ПРАШИНА
ЏЕНИН КАМИНС


Сузан Редферн
ВО
ЕДЕН
МИГ


Тон Телеген
ГРАДИНАТА НА КИТОТ


БАРБАРА АБЕЛ
ЗАД
ОМРАЗАТА
Publisher


Колм
ТОЈБИН
ГОСПОДАРОТ


Хилдур Кнусдотир
ЗИМСКИ
РАСПУСТ


Виржини Грималди
Време е
повторно да ги
запалиме
ѕвездите


БЕЗ
ПОЗДРАВ
ПАТРИК
ДЕВИТ
ЊУЈОРК ТАЈМС
БЕСТСЕЛЕР


АДРИЈАН ТЕЛЕШПАН
ГРОБИШТАТА
SEX


Јохан Харстад
ДАРЛА
172 часа на Месечината
Publisher


НИЛ ГЕЈМАН
Книга
за гробиштата


ВТОРО
издание
Кокан Ајановски
ТРЧАЊЕТО
МЕ УЧИ


Мајкл Ондачи
АНГЛИСКИОТ
ПАЦИЕНТ


Митко
Маџунков
КОН ДРУГАТА
ЗЕМЈА


Митко
Маџунков
ДРАМИ 1


Најдоброто
допрва
доаѓа
Мотивациски дневник-боенка
со илустрации на Ивана Горичан
Publisher


Еврипид
МЕДЕЈА


Флоренс Сковел Шин
ТАЈНАТА
ВРАТА НА
УСПЕХОТ


Нона Марковска
ГОЛЕМАТА ЛАГА
И МАЛИТЕ ВИСТИНИ

# Книги за 150 денари*

* Кога вредноста е висока, а цената ниска





НАТАЛИ СКВОРОНЕК
КАРТАТА НА ЖАЛЕЊЕТО


ВИОЛЕТА ТАНЧЕВА-ЗЛАТЕВА
ГЛУВО ВРЕМЕ


РИЧАРД БАХ
ИЛУЗИИ


Виолета Танчева-Златева
Кате времето


Виолета Танчева-Златева
ПАТОТ


ФИЛИП ДАВИД
ПРИНЦОТ НА ОГНОТ


Ванчо Накев
УЛТРАВИОЛЕТ


КАКО ВО ФИЛМ


Ерик-Емануел
ШМИТ
Господин Ибраим
и цветовите на Коранот


Ерик-Емануел
ШМИТ
Оскар
и дамата во розово


Ерик-Емануел
ШМИТ
Миларепа


Петар Светина
МУДРОСТА НА НИЛСКИТЕ КОЊИ


Роди Дојл
ПРЕКОРОТ НА КИКОТЛИВЦИТЕ


„УРНЕБЕСНО ЗАБАВНО“
Леброн Џејмс
ДА СЕ ЖИВЕЕ СО NAVY SEAL
31 ден со најцврстиот човек на планетата
ЏЕСИ ИЦЛЕР


ВИНКО МОДЕРНДОРФЕР
КИТ НА ПЛАЖА


Стефан Марковски
ЕРЕТИЧКИ ПИСМА


С. Н. БРСЈАК
ПРЕД ЦРКОВНИТЕ ПОРТИ


ЏЕКЛИН ВИЛСОН
ЛИЛИ, САМА


Владимир Ристевски
Исповеди на еден
Психотичен ум
четврто издание


Виолета Танчева-Златева
НА РАБОТ НА СВЕТОТ


Флоријан Зелер
ДРАМИ


БЕН ОКРИ
ГЛАДНИОТ ПАТ


Матијас Наврат
ТАЖНИОТ ГОСТИН


ТУВЕ ЈАНСОН
НЕВИДЛИВОТО ДЕТЕ


Мишел
УЕЛБЕК
ЛАНЗАРОТЕ


МАРЈОЛАЈН ХОФ
МАЛА ВЕРОЈАТНОСТ


ТУВЕ ЈАНСОН
ШАПКАТА НА ВОЛШЕБНИКОТ


Ирене Сола
ПЕАМ ЈАС И ПЛАНИНАТА ТАНЦУВА


Рејчел Каск
КОНТУРИ


Драги Михајловски
ПАТ ЗА РАЈОТ


Алехандро Паломас
СИН


Митко Маџунков
УБИЈ ГО ЗБОРЛИВОТО КУЧЕ


СИЛВИЈА ДЕЈ
Испреплетена со тебе
Гидион Крос


Виктор Илиевски
ЗОШТО СТРАДАМЕ
Проблемот на злото од Хомер до Плотин


Софи Дол
На големото корито


ЕВГЕНИОС ТРИВИЗАС
ТРИТЕ МАЛИ ВОЛЧИЊА


Бјанка Белова
ЕЗЕРО


Срѓан Драгојевиќ
ЧАТ-ПАТ Е ДОБРО ДА СЕ ЧИТНЕ НЕКОЈА КНИГА ЗА ДА НЕ СЕ ИСПАДНЕ ГЛУПАВ ВО ДРУШТВО
или
сè што не сте знаеле за поезијата,
а сте биле претерано мрзливи да читате